# Број 22
# 31.12.2025 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

Декември, 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 31.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од Третата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **Третата** седница одржана на **30.12.2025** година:

**-Усвојување на Записник од Втората седница**

1. Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

2. Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

3. Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

4. Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

5. Јавен повик пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

6. Решение за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;

7. Одлука за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ – Делчево;

8. Програма за спорт на општина Делчево за 2026 година;

9. Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година;

10. Одлука за измена на Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево;

11. Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување;

12. Програма за образование за 2026;

13. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

14. Одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево;
15. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година;
16. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година ;
17. Програма за јавна чистота во Општина Делчево за 2026 година;
18. Прогрма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година ;
19. Буџет на Општина Делчево за 2026 година;
20. Одлука за извршување на буџет на Општина Делчево за 2026 година;
21. Одлука за утврдување на висината на бодот за утврдување на плата на административни службеници на општина Делчево за 2026;
22. Буџетски календар;
23. Одлука за дополнување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026;
24. Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2970/1 од 22.12.2025;
25. Одлука за одобрување на финансиска помош по барање 21-2971/1 од 22.12.2025;
26. Одлука за одобрување на финансиски средства по барање 21-2972/1 од 23.12.2025;
27. Решение за именување на членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
28. Одлука за согласност на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2026 година;
29. Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политички манипулации.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 3083/1
31.12. 2025 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски,с.р.

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 6/ 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), како и Правилилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидадатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Делчево на својата 3. седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

Член 1

Општина Делчево распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

Член 3

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 3051 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 година — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**2.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,

97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

## за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево

### ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (3) члена во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, со седиште на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36, Делчево.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието 36.00 - Собирање, обработка и снабдување со вода.

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Делчево https://www.delcevo.gov.mk и на веб страната на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево https://www.jkpbregalnica.mk.

### УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

– еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
– еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
– еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на надзорниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево се:

1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево. се состои од две фази и тоа:
-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Делчево: https://www.delcevo.gov.mk.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден **12.01.2026** година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до **16.01.2026** година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Делчево, ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1, Делчево (со назнака: За

Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево).

Незадоволните кандидати од изборот за членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр. 09- 3051/2
30.12. 2025 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

3. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024) и член член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 3. одржана на 30.12.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП „БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО

### Член 1

Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално- финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево.

### Член 2

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат

- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

### Член 3

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат

- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

### Член 4

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:

- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 3051/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**4.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата 3 седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

Општина Делчево распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во управен одборна на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 3052/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**5.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (4) члена во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, со седиште на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36, Делчево.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Делчево https://www.delcevo.gov.mk и на веб страната на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево https://www.jkpbregalnica.mk.

УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

• е државјанин на Република Северна Македонија
• има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
• во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево, треба да имаат и најмалку 5 години работно искуство, и тоа:

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните

работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА – Делчево се:

1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево.се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Делчево: https://www.delcevo.gov.mk.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 12.01.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 16.01.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Делчево, ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1, Делчево (со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево).

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за

управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр. 09 – 3052/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12. 2025 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**6.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата трета одржана на 30.12.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“-ДЕЛЧЕВО

Член 1

Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево.

Член 2

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат
- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

Член 3

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат
- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

Член 4

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:
- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 3052/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**7.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 35 став 1 алинеја 5 од Законот за установи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2005, 120/2005, 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/2022) и член 9 став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 66/2004, 89/2008, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015, 39/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/202, 3/2025), Советот на Општина Делчево на својата трета седница, одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за престанок со работа на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен -МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево

Член 1

Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен-МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-Делчево престанува со работа заради необезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста за која е основан.

Член 2

Музејските предмети согласно со Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/1 од 09.09.2008 година, Елаборат за валоризација на археолошка збирка бр.03-886/2 од 15.10.2008 година и Елаборат за валоризација на етнолошката збирка бр.03-838/1 од 25.08.2008 година и целокупната документација ќе бидат преземени од Национална установа *Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“* Делчево, по добиена согласност од Управата за заштита на културното наследство, по што ќе биде донесена Одлука за давање на трајно користење на археолошко-етнолошко музејска збирка.

Член 3

Со денот на влегување во сила на оваа одлука започнува постапката за ликвидација на установата согласно Законот за установи.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 3053/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

8.ПРОГРАМА ЗА СПОРТ

**ПРОГРАМА**
**за спорт на**
**Општина Делчево за 2026 година**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24 ), член 15, став 1 точка 6 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 3.Седница, одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за спорт на**
**Општина Делчево за 2026 година**

**I ВОВЕД**

1. **Појдовна основа на Програмата за спорт на Општина Делчево за 2026**

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или, пак, постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе. Тргнувајќи од овие постулати, Општина Делчево ја изготвува Програмата за спорт со цел да овозможи транспарентна поддршка и да даде свој придонес во развој на спортот во Делчево и промоција на вредностите од практикување на спортски активности како здрав начин на живот што има посебно влијание врз правилниот раст и развој на младата популација.

Општина Делчево ја има предвид и децентрализацијата во спортот која претставува сложен процес каде секој повикан субјект го понесува својот дел од товарот со цел на граѓаните од сите возрасни категории и социјални структури да им се овозможи и понуди вклученост како во спортот како дејност и го понесува својот дел од товарот со цел на граѓаните од сите возрасни категории и социјални структури да им се овозможи и понуди вклученост како во спортот како дејност, така и во рамките на спортско рекреативните активности, сè со цел да се подигне квалитетот на нивното живеење, како предуслов за достигнување на придобивките одразени низ параметри од кои произлегуваат атрибутите за постоење здрава нација.

Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска поддршка од Буџетот на Општината. Изборот на програмските активности ќе го вршат Комсијата за спорт и согласно со процедурите предвидени во Правилникот за условите, начинот

и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани

Со Програмата се зајакнува улогата на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на Федерацијата на училишни спортови. Дополнително, преку оваа Програма се обезбедуваат награди за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот за постигнати особени резултати на државни или меѓународни спортски натпревари. Општината во рамки на Програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост кои ќе можат да бидат дел од активностите кои ги организира Општината, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани. Исто така, се води сметка за унапредување на родовата рамноправност во спортот на локално ниво и цениме дека во блиска иднина Општина Делчево во своите програми, стратегии, како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто, како и на машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување. Потребно е постојано да се следат и да се идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално ниво, подготвување препораки за надминување на родовата дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот како и континуирано создавање услови за спортување.

**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети за подобрување на условите за тренинг.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Еднаков третман** - Општина Делчево во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата, како и лицата со посебни потреби имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација до сите спортски објекти.

**Пристапност до објектите за спорт** - Општина Делчево на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинзи.

**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за активностите во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 г. е направена врз основа на основните одредби на:

- Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24)
- Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и „Сл. весник на РСМ"бр.84/20 и 202/24 ).

Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој Закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;

- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;

- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;

- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Спортот е дел и од Уставот каде во член 47 став 5 се вели „ Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот", следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

➢ Законот за еднакви можности на жените („Сл. весник" бр. 201/15)

➢ Статут на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево- бр. 1 2013, 2/2019 и 1/2021)

➢ Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево 1/18 и 7/21),

➢ Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Службен гласник на Општина Делчево бр.2/2018 и 21/25).

➢ Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.1/23 и 21/25)

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел:**

Главна цел на Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2026 г. е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и на нивно образование кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

**Специфични цели:**

Специфични цели на Програмата се:

1. Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.
2. Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.
3. Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби

4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Спортот во Делчево е традиција и предизвик за многу млади љубители на спорт во сите категории и многу генерации. Трагнувајќи до познатата соколска организација „Соколи“ во дваесеттите и триесеттите години од минатиот век и нивните успеси како добри атлетичари и гимнастичари, па преку првиот фудбалски клуб создаден во истиот период, па познатиот ракометен клуб во седумдесеттите и гимнастичарите од салата „Партизан“, спортот живеел и создавал спортисти кои биле за пример во локалната средина и пошироко на државно и меѓународно поле.

Денес во Делчево постојат активни спортски клубови од областа на кошарката, машка и женска, ракометот (м/ж), фудбалот, кик-бокс (м/ж), планинарски клуб, а успешно функционираат и училишните спортови во трите образовни институции.

Во однос на спортската инфраструктура, во Делчево има три училишни спортски сали, надворешни повеќенаменски игралишта на училиштата, има отворено тениско игралиште, отворен градски базен, градски фудбалски стадион што значи како спортска инфраструктура се исполнети основните услови за развој на сите видови спортови.

За рекреативен спорт, Општина Делчево располага со пешачки и велосипедски патеки со вкупна должина од 17 км, како и мапирани и маркирани планинарски патеки кои се усогласени согласно со Законот за планинарски патеки и Правилникот за планинарски патеки на ФПСМ, а се во должина од 49,5 км.

**3.1 Рекреативни/велосипедски/ едукативни пешачки патеки**

1. **Патеката на Петко** на планината Голак е кратка, но живописна пешачка патека со вкупна должина од 1 km.
2. Тоа е едукативна патека, која има за цел да овозможи интерактивно учење за природата и биолошката разновидност во Брегалничкиот регион. Поставена е во највисоките делови на планината, на надморска височина од 1375 m до 1400 m, односно висинска разлика од само 25 метри. Главно поминува низ густа шума, со уникатен шумски биодиверзитет.
3. **Планинската велосипедска патека Голак** е со вкупна должина од 6800 m и е поставена во највисоките делови на планината. Започнува во непосредна близина на вила „Гранит“ од каде продолжува покрај спортските терени и се искачува покрај вила „Фротирка“. Од овде продолжува до манастирот Св.Пантелејмон, каде на еден мал дел поминува по асфалтен пат. Самиот манастир е на 1500 m надморска височина и од него се протега одличен панорамски видик во далечина.
4. **Патеката на билките на планината Голак** е едукативна патека која се наоѓа во највисоките делови на планината Голак, околу врвот Чавка (1536 m). Истата има за цел запознавање, зачувување и правилно искористување на природните вредностите на планината Голак. За таа цел се поставени поголем број информативни табли за шумските и растителни формации со посебен осврт на лековититебилки, со кои се карактеризира планиата Голак. Патеката е долга околу 7 km.
5. **Пешачка и велосипедска патека Илин Камен** во должина од 6 км која го поврзува Делчево преку с. Ѕвегор до локалитетот Илин Камен

**3.2 Планинарски патеки:**

6. **Мапирана, но не е маркирана планинарската патека до месноста КАЛАЏЕРЏЕВО** – местото од каде е организирано РАЗЛОВЕЧКОТО ВОСТАНИЕ во 1876 год.на планината ОБОЗНА над село РАЗЛОВЦИ. Патеката е долга 20 км., а започнува од село Разловци (Делчевско) 690 м.н.в. – Калаџерџево 1129 м.н.в. – Врв Јастреб 1276 ,.н.в. (воедно највисок врв на планината ОБОЗНА – село Разловци 690 м.н.в.
7. **Мапирана и маркирана планинарска патека од Делчево до Голак** во должина 12 км која е дел од Првата трансверзала во Брегалничкиот регион.
8. **Мапирана и маркирана планинарска патека Нов Истевник-локалитет Кукуље**- врв Бајаз Тепе-с. Разловци на планина Средна во должина од 13 км.
9. **Мапирана и маркирана планинарска патека с.Тработивиште-Свети води** во должина од 4.5 км.

### 3.3 Табеларен приказ на спортски објекти и рекреативни патеки

| **Вид спортски објект** | **Број** | **Состојба** |
|---|---|---|
| Градски фудбалски стадион | 1 | Функционира |
| Училишни спортски сали | 3 | Функционираат |
| Повеќенаменски спортски игралишта | 11 | Функционираат |
| Тениски игралишта | 1 | Функционира |
| Градски базен | 1 | Функционира |
| Велосипедска/пешачка патека Илин Камен | 2,15 км | Функционира |
| Патека на Петко | 1 км | |
| Планинска велосипедска патека Голак | 6,8 км | |
| Патека на билките на планината Голак | 7 км | |
| мапирана планинарска патека КАЛАЏЕРЏЕВО | 20 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека од Делчево до Голак | 12 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека Нвв Истевник-локалитет Кукуље-врв Бајаз Тепе-с. Разловци | 13 км | |
| Мапирана и маркирана планинарска патека с.Тработивиште-Свети води | 4,5 км | |

### 3.4 Активни спортски клубови во Делчево

Активни се и функционираат следните спортски клубови:

- Во КК ПАТРИОТ 2016 од Делчево членуваат 80 членови од нив 60 девојчиња и 20 момчиња. Клубот се натпреварува во ПРВА А лига-жени, Младински лиги М14. М16 и М18 жени и Младинска лига М16 мажи
  Во натпреварувачката сезона 2023/2024 година КК Патриот 2016 има осноеthis:
  -Прво место во ПРВА Б лига-жени и пласман во ПРВА А лига за сезона 2024/2025 и
  -Второ место во Младинската лига за М18-жени на државно ниво

- РК „Делчево-Вардар“ членуваат 70 членови од нив 52 девојчиња, 18 момчиња. Клубот се натпреварува во Кадетската женска лига, а константно учествува во лигите на РФМ и е постојан учесник на завршните плеј оф средби . 2024 година на Меѓународен турнир во Нови Сад,Р.Србија ракометарките освоија 1 место во кадетската лига.
- ФК „Брегалница сениори“ брои 142 членови и сите се припадници на машкиот пол. Клубот се натпреварува во детска лига –Источен регион, односно деца до 13 години. Во текот на 2024 година освоено е 2 место во Детска лига 2012 Источен регион.
- ФК „Брегалница 1926“ -брои 30 членови (м). се натпреварува во 3-та Македонска фудбалска лига Исток.
- Кик-боксинг клуб „Ас“-брои 58 членови од нив 12 се жени. Клубот учествува на државни, балкански и европски првенства организирани од KMFM/WAKO. Отварува значајни резултати, како: 1 место; 2x2 место на Европски куп „Србија опен2023“, 1x1 место во и 3x3 место на Балкански куп „Тешањ 2023“ и др.
- Риболовно спортско друштво „Брегалница“ брои 110 членови и сите се мажи.
- Планинарски спортски клуб „Голак“ брои 105 членови од нив 42 жени, а 63 мажи, додека младинската секција до 18 години брои 80 членови, од нив 50 се девојчиња, а 30 момчиња.
- Функционираат помали клубови за фитнес чија бројка на членови се движи околу 20 (ж).

На листата активни спортисти во спортски клубови, здруженија или правни лица од областа на спортот, вкупно членови се 695, од нив 236 се жени, додека 459 се мажи.

**3.5 Училишни спортски клубови**

Во трите образовни институции: ООУ „Св.Климент Охридски“, ООУ „Ванчо Прке“ и СОУ „М.М.Брицо“ функционираат училишни спортски клубови. Тие во својата програма имаат цели за да го стимулираат развојот на секциите и спортските школи, носат иницијативи за одржување спортски натпревари, соработува со други училишни спортски клубови, се грижи за одржување на спортските објекти, го поттикнува развојот на спортот и спортското рекреирање во училиштето, врши пропаганда и го афирмира спортот во општината. Членовите на училишните спортски клубови се натпреваруваат во: футсал (ж/м), ракомет (ж/м),кошарка(ж/м), атлетика (ж/м), одбојка (ж),

фудбал (м), забавен спорт и игри (ж/м). Средствата се обезбедуваат од Федерацијата, самофинансирање, поддршка од Општина Делчево и од спонзорства. Вкупно членови на училишните спортски клубови во Делчево се 288. Од нив 147 се девојчиња, а 141 се момчиња.

**Во ООУ „Св.Климент Охридски“ УСК** работи по соодветна програма. Во УСК се опфатени 208 ученици од нив девојчиња се 102, а момчиња 106.

**Во ООУ „Ванчо Прке“ функционира УСК „Шампиони**“ и овој спортски клуб работи по програма и во него се опфатени 80 ученици. Од нив 45 се девојчиња, а 35 момчиња.

**Во СОУ „М.М.Брицо“-** УСК не е активен, но учениците/чките активно се натпреваруваат на општински, зонски, регионални, државни натпревари во организација на Федерацијата на училишни спортови во фудсал, кошарка, ракомет. Активни учесници во спортските активности се ученици, од нив 10 се момчиња, а 34 девојчиња.

**3.6 Финансиска поддршка од Општина Делчево**

Финансиската поддршка на Општина Делчево на спортските клубови, спортските здруженија и правните лица во областа на спортот кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа, член 22-а од Законот за спортот и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процес преку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија и правни лица во областа на спортот се одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно со одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 24 од овој Правилник.

Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие спортски клуб, спортско здружение и правни лица во областа на спортот во тековната година по пат на јавен повик може да изнесува најмногу до 300.000 денари. Постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот ја спроведува Комисијата за спорт согласно со одредбите на овој Правилник.

Во минатата 2025 немаше објавено јавен повик за доделување општински средства. Од Буџетот на Општина Делчево се одвоени 140.000 денари за 4 спортски клубови:КК „Патриот 2016“ исплатено 20.000 ден; на ФК „Брегалница сениори“ исплатено 40.000 ден; на ФК „Брегалница 1926“ исплатено 50.000 ден; на РК „Делчево-Вардар“ исплатено 30.000 ден.

Посебно, впечатлив спортски настан во 2025 година беше првата организирана планинска трка „Голак треилс“ во организација на Здружението за природна перспектива и ЕКО ДРУШТВО ГОЛАК. На трката имаше масовно учество од над 200 учесници/чки на возраст од 17 до 77 години. Трката се состоеше од машка и женска трка. На женската трка учество зедоа 67 жени. Патеката беше долга 13 км.

Исто така, во организација на ракометниот клуб Делчево, на 6 и 7 септември се одржи првиот меѓународен меморијален турнир „Андреа Ампова 2025“. Турнирот имаше натпреварувачки карактер, но неговата најголема цел е да го одржи живо името и споменот на малата Андреа Ампова, која на само 10-годишна возраст прерано го напушти овој свет, а ракометот ѝ беше најголема љубов. Покрај домаќинот Делчево, на турнирот играа српската екипа Топличанин, ракометната школа Топка Велес, Вардар и Спартак. Во вечерниот термин на првиот натпреварувачки ден, се одигра и ревијален натпревар составен од ракометарки кои во минатото биле дел од екипата на Делчево. Овој турнир претставува спој на спортот, емоцијата и споменот – во чест на една млада ракометарка која остави голема трага во составот на Делчево.

### 3.5 Трендови

Спортот како општествена појава се темели врз реални согледувања за постојната состојба во која тој денес се наоѓа, но и врз објективни претпоставки за негов натамошен развој. Се тргнува од потребата за посеопфатно поимање на спортот како начин на живеење (животен стил) со кој луѓето преку нивната зголемена вклученост во спорот и спортско-рекреативните активности, ќе го подигнат квалитетот на своето живеење во повеќе сегменти, вклучително задоволувајќи го националниот стремеж за остварување високи меѓународни спортски резултати преку проектирање насоки за развој на врвниот спорт. Спортот како општествена појава се темели врз предиктивен приод, при што, превид се земени реалните параметри од повеќе сегменти кои ја одразуваат состојбата во која спортот се наоѓа. Тука, пред сè, се мисли на економска развиеност на една земја, како и нејзината општетсвено-политичка ситуација. Во таа насока, во развојна смисла, кај спортот може да се утврдат следниве општествени цели и приоритети:

1. Интервенција во легислативите кои ја допираат дејноста спорт.
2. Поттикнување и поддршка на програмите на националните спортските федерации и спортски клубови.
3. Унапредување на училишниот и универзитетскиот спорт
4. Децентрализација на спортот .
5. Градење информатичка спортска мрежа.
6. Издавачка дејност во спортот.
7. Положбата на спортот во медиумите.
8. Унапредување на спортот за лицата со попреченост.
9. Институционализирање на спортската дипломатија.

Имајќи ги предвид стратешките среднорочни цели на секоја земја за одржување на концептот на силно јавно финансирање и одржување стабилна макроекономска рамка, вклучително за продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст, без интервенции во односните легислативи и останати мерки во фискалната политика кои би создале подобри услови за спортските субјекти да изнаоѓаат други дополнителни извори на финансирање, како што се донациите и спонзорствата, спортот и понатаму својот опстанок и развој во голема мера ќе го заснова врз Буџетот на државта.

Во училишниот спорт се реализира систем на натпревари за ученици од основните и средните училишта.

Според последните податоци на националната спортска федерација која е одговорна за организација на овој систем на натпревари, училишниот спорт опфаќа помеѓу 8 проценти (%) и 10 проценти (%) од вкупниот број ученици од околу 70 проценти (%) од воспитно образовните установи од основното и средно образование што е, секако, индекс на опфат кој делумно задоволува.

Основни предуслови за успешно функционирање и унапредување на училишниот спорт се: мотивиран стручен кадар кој произлегува од самиот воспитно образовен систем, обезбедување расположивост на објектите за спорт во училиштата, прилагодување систем на натпревари, заради мотивирање на учениците и, секако, концептуирање на воннаставните спортски активност и во училиштата.

Децентрализација на спортот е трендот кој има за цел создавање компатибилен концепт за да се подигне оперативноста од заедничкото делување на сите субјекти кои се чинители на единствен спортски систем со единиците на локалната самоуправа во насока на обезбедување услови и системски мерки за поддршка на спортистите, спортските клубови и традиционалните спортски манифестации. Тоа е процес кој имплицитно квалитативно се одразува врз развојот на спортот. Во изминатиот период, повеќе субјекти во Македонија имале обврска да дадат свој прилог во интензивирање на процесот на децентрализација што, аналогно, се однесува и на проблематиките поврзани со спортот.

Улогата на државата и нејзиниот придонес во таа смисла треба да се насочи кон подобрување на законската регулатива и механанизмите по тој однос со што ќе се осигура реално пренесување на соодветните надлежности на единиците на локалната самоуправа.

За унапредување на спортот како неопходност се јавува и потребата од воспоставување информатичка спортска мрежа низ единствен системски концепт. Постојната законска регулатива во овој сегмент предвидува негово воспоставување заради:

а) водење и управување на дејноста спорт,

б) креирање и трансфер на политиките на централната и на локалната власт по тој однос, олеснување на планирањето во дејноста, и

в) инвестирање во човечките ресурси вклучени во спортот и вршење споредбеност на остварувањата.

Партнери во информатичкиот спортски систем, како носители и корисници, се:

1. Централната власт,

2. Единиците на локалната самоуправа, спортските клубови,
3. Националните спортски федерации, и
4. Македонскиот олимписки комитет и останати правни и физички лица вклучени во овој делокруг

## IV АКТИВНОСТИ

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за :

**4.1 Специфичната цел 1: Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.**

1.1 **Општина Делчево ќе ги поддржува активностите** на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Делчево преку објавување Јавен повик за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Делчево на спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно со Правилникот за Општина Делчево во транспарентна постапка со распишување јавен повик на почетокот на календарската година во месеците јануари/март 2026.

1. 2 **Награда за талентирани спортисти/ки** кои постигнале особено високи резултати на државни и меѓународни натпревари што има за цел поддршка на младите спортисти и спортски клубови. Наградата за постигнати врвни спортски резултати се доделува на спортски здруженија во поединечни и екипни натпревари кои освоиле прво, второ или трето место на официјални државни и реномирани меѓународени натпревари. Наградата се доделува во форма на парични средства. Висината на паричната награда е во износ од 15.000 денари за освоено прво место, 10.000 денари за освоено второ место, 8.000 денари за освоено трето место. Наградата се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати врвни спортски резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година. Барањата го доставува здружението до архивата на Општина Делчево најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организаран натпреварот. Во прилог на барањето потребно е да се достави доказ, тековно состојба од спортското здружение не постара од 6 месеци и фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар. Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и да утврди дали се исполнети условите за доделување на наградата и да даде предлог до Градоначалникот на Општината. Градоначалникот донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена.

1.3 **Организација на спортска манифестација и изработка на пропаганден материјал за промоција на** спортот и спортските клубови- Со цел поголема видливост на спортските клубови кои функционираат во Делчево и поттикнување на интересот на младите за практикување на спортот ќе се организира манифестација Избор на спортист/ка на годината во Делчево, каде на свеченост ќе се доделуваат награди и признанија. Наградата на најдобрите од спортот во Општина Делчево, се доделува за

постигнати резултати во индивидуален и во клубски спорт за претходната година и тоа награда за најдобар спортист/ка, најдобар млад надежен спортист/ка, најдобар тренер/ка и најдобра екипа чиешто седиште е во Општина Делчево. Наградата се доделува во форма на парични средства и плакета.

Висината на паричната награда е во износ од:

10.000 денари за најдобар млад надежен спортист/ка;

15.000 денари за најдобар спортист /ка;

15.000 денари најдобар тренер/ка;

20.000денари за најдобра екипа.

Постапка за доделување на наградите се покренува врз основа на јавен повик кој го објавува градоначалникот на веб-страницата на Општина Делчево најдоцна **до 15 декември** во тековната година за постигнатите резултати од претходната година.

Право на предлагање на кандидати за изборот на најуспешните, имаат спортските клубови и нивните членови, чиешто седиште е во Општина Делчево, како и физички и правни лица. Пред објавувањето на јавниот повик, Градоначалникот со решение формира комисија (од редот на вработените во општинската администрација и советниците од комисијата за спорт) која ги утврдува критериумите, условите, времетраењето на јавниот повик, потребната документација, како и начинот на бодување на поднесените пријави. По завршувањето на јавниот повик, комисијата ги разгледува поднесените пријави и врз основа на утврдените критериуми врши бодување, врз основа на кое дава предлог за избор до градоначалникот на Општината. По доставениот предлог од комисијата, градоначалникот донесува решение за доделување на наградите и ги доделува на свечен настан организиран од Општината.

1.4 **Организирање дебата и трибина** за поттикнување на младите за практикување на спортот како начин на живот- Со цел промоција на здрав начин на живот и поттикнување на младите за поактивно практикување на спортот ќе се организираат дебати или трибини наменети за средношколците. Одговорни за реализација се ученичките заедници, дебатни училишни клубови, стручен кадар од училиштата, НВО сектор.

1.5 **Истражување на јавното мислење за интересите во спортот кај момчињата и девојчињата**- со цел да се согледаат интересите за спорт и спортски активности кај момчињата и девојчињата, О. Делчево ќе спроведе онлајн анкета. Податоците од анкетата ќе бидат користени за преземање соодветни мерки и активности за развој на спортот во Делчево.

1.6 **Финансиска поддршка на ученици** за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот, донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар.

**4.2 Специфична цел 2: Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.**

2.1 Во насока на унапредување на училишниот спорт Општина Делчево ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на ОпштинаДелчево.

2.2 Набавка на спортска опрема и реквизити-- со цел овозможување услови и реквизити за развој на спортовите и одржување настава по физичко образование со соодветни спортски реквизити, Општината ќе помогне во набавка на опрема, а поддршка ќе дадат и НВО сектор и други донатори.

2.3 Организирање спортски натпревари по повод Денот на водата ,22 Март- Со цел промоција на значење на водата и промоција на Проектот за Подобрување на водоснабдувањето на Делчево, ќе се организираат спортски натпревари во соработка со училиштата и наставниот кадар од училиштата, а учество ќе земат и децата од детската градинка.Настанот има едукативно значење.

**4.3 Специфична цел 3 Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.**

1.1 Општина Делчево ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во Општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно со неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

1.2. Организирање градска трка- Со цел поттикнување интерес за спорт и промоција на спортот како здрав начин на живот ќе се организира градска трка со масовно учество на граѓани/ки од сите возрасни групи,

1.3 . Женска трка - Подигање на свеста за рано откривање на малигни заболувања кај жените и мажите ќе се организира 1 женска трка по повод Розовиот месец октомври. Организатор на трката е КЕМ во партнерство со Локален младински совет, НВО-секторот и донатори.

1.4. Организирање планинарски маршеви и младински кампови- со цел промоција на планинарењето како здрав начин на живот, но и можност за запознавање со природните реткости на Општината. Планинарските маршеви и младински кампови ќе се организираат во партнерство со НВО.

**4.4 Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.**

1.1 Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот. Поддршка на спортски манифестации/ натпревари: турнири во мал фудбал, турнири во баскет/кошарка, турнири во пинг- понг и сл. Општина Делчево ќе ги поддржи спортските манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на

континуитетот согласно со Правилникот за еднократна парична помош во делот на помош за урбани и месни заедници и согласно со Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови.

Носители на мерките предвидени во Програмата се: Општина Делчево, Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Владата, спортски федерации, МОК, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис- сектор.

## V Табеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. **Специфична цел 1 Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
| 1. Јавен повик | Транспарентен процес на доделување средства од Буџетот на Општината | -Број на поднесени пријави по јавниот повик<br>- Број на исплати на клубови | Комисија за спорт, Одделение за општи и правни работи, Спортски клубови/училишни спортски клубови | 800.000 | Јануари/март 2026 |
| 2.награда за талентирани спортисти/ки кои постигнале особено високи резултати на државни и меѓународни натпревари | Награда за талентирани спотисти кои постигнале значителни резултати во претходната година со цел поддршка | -бр на доделени награди за спортисти/ки (м/ж) | Одд.за општи и правни, училишта | 33.000 | континуирани 2о26 |
| 3.Изработка на флаери/пропаганден материјал за промоција | Со цел поголема видливост на спортските клубови кои | бр на изработени флаери/пропаганден материјал | Советник за односи со јавноста, советник за образование, Комисија | 6.000, донации | Февруари 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на спортот и спортските клубови | функционираат во Делчево и поттикнување на интересот на младите за практикување на спортот | | за спорт, училишта, спортски клубови, НВО | | |
| 4. Избор на спортист/ка на годината | Со цел промоција на спортските успеси на делчевските клубови во групен или индивидуален спорт ќе се доделуваат награди и признанија и ќе се избира спортист/ка спортски клуб, тренер на годината, | Бр на доделени награди и признанија (м/ж) | Спортски клубови, Советник за односи со јавноста, советник за образование, ит-администратор , Комисија за спорт, Локален совет за млади | 60.000 | Декември 2026 |
| 5.Организирање дебата и трибина за поттикнување на младите за практикување на спортот како начин на живот | Со цел промоција на здрав начин на живот и поттикнување на младите за поактивно практикување на спортот ќе се организираат дебати или трибини наменети за средношколците | Бр на присутни учесници(м/ж) | Советник за образование, советник за односи со јавнсота, професори од СОУ, дебатен клуб на СОУ, Локален младински совет,Комисија за спорт, стручни медицински лица, тренери. | 1.000 | Март/април 2026 |
| 6.Истражување на јавното мислење за интересите кај младите за спорт и спортски активности | Истражување на јавното мислење за интересите во спортот кај момчињата и девојчињата- со цел да се согледаат интересите за спорт и спортски активности кај момчињата и девојчињата, О. Делчево ќе спроведе онлајн | Бр на организирани анкети<br>Бр на учесници на анкети (м/ж) | Одд. за правни и општи работи | / | Март/април 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | анкета. Податоците од анкетата ќе бидат користени за преземање соодветни мерки и активности за развој на спортот во Делчево. | | | | |
| Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од спортистот/ка. | Со цел Општината да даде поддршка на натпреварувачот/чката за учество на престижни меѓународни натпревари, О. Делчево ја воведува оваа мерка. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар. | Бр на поднесени барања (м/ж)<br>Бр на поддржани натпреварувачи/ки на меѓународни натпревари (м/ж)<br>исплатени средства | Одд. за општи и правни, Совет на О. Делчево | 90.000 | Континуирано |

| 1.2 Специфична цел 2 Поддршка и развој на училиштен спорт со реализирање на спортски активности. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на реализација** |
| 1.Поддршка на училишните спортски клубови | Во насока на унапредување на училишниот спорт Општина Делчево ќе дава поддршка на програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на Општината. | Бр на поддржани училишни спортски клубови, натпревари<br>Бр на учесници (м/ж) | Комисија за спорт, советник за образование | По Јавен повик (дел од планираните 800.000) | 2026 |
| 2.Набавка на спортска опрема и реквизити | - со цел овозможување услови и реквизити за развој на спортовите и одржување настава по физичко образование со соодветни спортски реквизити, Општината ќе помогне во набавка на опрема | Бр на набавена опрема | Комисија за спорт<br>НВО<br>Општина Делчево<br>Училишта | Донација<br>Буџет на Општина Делчево | Континуирано во 2026 |
| 3.организирање спортски натпревари по повод Денот на водата ,22 Март | Со цел промоција на значење на водата и промоција на Проектот за Подобрување на | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на награди<br>Бр на спортски настани | Проект „Подобрување на водоснабдувањето“, училишта, советник за образование | Донатори, Општина Делчево | 22 март 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | водоснабдувањето на Делчево, ќе се организираат спортски натпревари | | | | |

**3.Специфична цел 3 Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и спортско рекреативни активности на лица со попреченост.**

| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Поддршка на проекти за рекреативен спорт | Општина Делчево ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно со неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината. | Бр на поддржани проекти за рекреативен спорт и спорт на лица со посебни потреби | Комисија за спорт<br>Спортски клубови, НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби | Преку јавен повик дел од 800.000 | Во текот на учебната 2025/26 |
| 2.Градска трка | Со цел поттикнување интерес за спорт и промоција на спортот како здрав начин на живот ќе се организира градска трка со масовно учество на граѓани/ки од сите возрасни групи, | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на трки<br>Бр на доделени награди | Комисија за спорт<br>Спортски клубови<br>Професори по физичко образование<br>НВО,Локален совет за млади | Преку јавен повик-дел од 800.000 | Мај 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Женска трка | Подигање на свеста за рано откривање на малигни заболувања кај жените и мажите ќе се организира 1 женска трка по повод Розовиот месец октомври | Бр на учеснички<br>Бр на пропаганден материјал | КЕМ, НВО, Општина Делчево, Локален совет за млади | 10.000 | Октомври/ноември 2026 |
| 4.Организирање рекреативни планинарски маршеви и младински кампови | Со цел промоција на планинарењето како здрав начин на живот и со цел промоција на природните раритети на Општината ќе се организираат планинарски маршеви и младински кампови | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на организирани планинарски маршеви<br>Бр на организирани младински кампови | НВО, Општина Делчево, | 20.000 | Континуирано 2026 |
| 5.- Развој и унапредување на параолимписки спортски дисциплини | Со цел промоција на спортот и значењето за учество на лица со попреченост во спортски активности и натпревари и подигање на јавната свест и борба против дискирминација на овие лица, О. Делчево ќе даде поддршка за одржување спортски натпревари за лицата со попреченост. Развој и унапредување на параолимписки спортски дисциплини | Бр на учесници (м/ж)<br>Бр на организирани спортски натпревари | НВО, Општина Делчево | 50.000 | 2026 |

| **4. Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **временска рамка** |
| Поддршка на спортски манифестации/ натпревари:<br><br>-турнири во мал фудбал<br><br>-турнири во баскет/кошарка<br><br>-турнири во пинг- понг и др. | Општина Делчево ќе ги поддржи спор. манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот согласно со Правилникот за ЕПП, и согласно со Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови. | Бр на манифестации/натпревари<br>Бр на учесници (м/ж) | Комисија за спорт, МОН, Агенција за млади и спорт, НВО, спортски клубови, Локален совет за млади, месни /урбани заедници | 70.000 ден | Континуирано 2026 |

**VI Очекувани резултати**

Со реаализацијата на првата Програма за спорт на Општина Делчево за 2026 година се очекува интензивирање на соработката и градење партнерство меѓу Општината и спортските здруженија и клубови, но и промоција и афирмација на спортот како здрав начин на живот. Општината со својата поддршка и транспарентниот начин на делење на општинските средства ќе се наметне за сериозен двигател на процесите кои ќе доведат до остварување на основната цел на Програмата, а тоа е е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот се очекува да придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на

спортско-рекреативните активности ќе придонесе за поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини, како што се: моториката, спортското здравје итн.   Исто така, се очекува зголемување на бројот на женски членови во клубовите за 30%, како и формирање нови женски клубови, но и вклучување на повеќе жени и млади во рекреативни активности за 30%.

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за спорт за 2026 г,. се:**

**Б) надворешни влијанија врз спортските клубови**
- негативни влијанија врз објектите (пожари/поплави, земјотреси)
-иселувањето
-оштетувања на спортските реквизити и опрема
-здравствена или др. вид криза

**В) Финансиски буџетски намалувања на средствата:**
-необјавување на јавниот повик од страна на Општината
-  Нередовно или неисплаќање на средствата за спортски клубови предвидени во Буџетот на Општината
-Изостанување на поддршката од државата, односно недобивање ваучери од Агенцијата за млади и спорт

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026 г.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на**
**Програмата за спорт во Општина Делчево за 2026 година**

| **Активности** | **Вкупен буџет** | **Буџетска програма** |
|---|---|---|
| Јавен повик | 900.000 ден | Д0 |
| Женска трка | 10.000 ден | Х1 |

| | | |
|---|---|---|
| Поддршка на спортски натпревари/ манифестации | 70.000 ден | Д0 |
| Награда за талентирани спортисти | 30.000 ден | Д0 |
| Организирање рекреативни планински маршеви и младински кампови | 20.000 ден | Г1 |
| Организирање дебати | 1.000 ден | Г1 |
| Изработка на флаери/пропаганден материјал | 5.000 ден | Г1 |
| Манифестација-избор на спортист/ка | 60.000 ден | Д0 |
| Поддршка на спортски настани за лица со попреченост | 50.000 | Д0 |
| Поддршка за учество на меѓународни натпревари | 90.000 | А0 |
| **Вкупно** | **1.236.000 ден** | |

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за спорт за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на одговорните во Општина Делчево, Одделението за општи и правни работи и Комисијата за спорт.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

## 10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| **Индикатор** | **Извор на податоци** | **Метод на собирање податоци** | **Алатка** | **Фреквенција на собирање податоци** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број поддржани спортски клубови по Јавниот повик<br>Доделени средства на спортски клубови/индивидуални натпреварувачи по Јавен повик.<br>Бр на набавена спортска опрема и реквизити за училишните клубови.<br>Бр на доделени спортски стипендии (м/ж).<br>Бр.на одржани дебати/трибини;<br>Бр на поддржани манифестации/натпревари. | -Доделени решенија за стипении,<br>-Доделени решенија спортски клубови/училишни спортски клубови, индивидуални спортисти<br>-записници од трибини/дебати<br>-постигнати резултати | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Комисија за спорт<br>Одд. за општи и правни работи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр на учесници на градската трка.<br>Бр на учесници на женската трка.<br>Бр на учесници/чки –лица со попреченост на спортски натпревари/манифестации | | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за спорт за 2026 г на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-3054/1**
**Делчево**
**30.12.2025 година**
**Делчево**

**Совет на Општина**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски**

9.ПРОГРАМА НВО СЕКТОР

**ПРОГРАМА**

**за активностите на ОпштинаДелчево за**

**поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година**

## I ВОВЕД

### 1.1 Појдовна основа на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, т.е. граѓаните кои се активно вклучени во подобрување на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општество и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани. Граѓанското учество подразбира вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање политики и гради мост меѓу власта и граѓаните, создава потранспарентна власт и помага во подобрување на услугите.

Граѓанското учество на територијата на Општина Делчево е сѐ поактивно со цел да се подобри ефикасноста на локалната власт и да се подобри испораката на јавните услуги, како и ефикасноста на локалните институции.

Општина Делчево ги има препознаено важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на деморатските процеси во општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Граѓанските организации во Делчево ја имаат потврдено својата посветеност на пресретнување на потребите на граѓаните преку бројни активности, како: културни манифестации, спортски настани, социјална и хуманитарна помош, еколошки акции, поддршка на

образованието и сл.

Во 2026 година, Општина Делчево ќе продолжи со својата политика за понатамошно унапредување на соработката со граѓанските организации, односно здруженијата на граѓани и фондации, а во насока на креирање активен граѓански сектор, кој ќе биде сериозен партнер на општината во креирањето на локалните политики и кој ќе придонесува за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани од заедницата.

Распределбата на јавните финансии претставува сериозна задача за секоја јавна администрација или управен орган, а соодветната распределба на јавните финансии значи одговорно управување со јавното трошење и услугите кои ги добиваат граѓаните.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на соработката со граѓанските организации.

**Развој** - континуирана поддршка на граѓанските организации за реализација на програмите и проектите.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од Програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Промоција** – промовирање на сите активности преку организација на јавни трибини, наменски средби со организациите од конкретна област, објавување на информациите на веб-страницата на Општината и на локалните медиуми.

**Еднакви можности и недискриминација -**почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалнитеп роцеси и механизми. Граѓанскиот сектор по својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните како: сиромашни, жени, Роми, лица со посебни потреби и сл. Па, врз основа на овој факт, Програмата ја има предвид и социјалната кохезија како приоритетна област која единствено може да биде достигната ако се почитуваат принципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за активностите во областа на граѓанскиот сектор во Општина Делчево за 2026 год. е направена врз основа на основните одредби на:

- Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ" бр.52/2010,135/2011, 55/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр.239/22 )
- Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"  5/2002и „Сл. весник на РСМ" бр.84/20 и 202/24).
- Законот за еднакви можности(„Сл. Весник на РМ" бр. 201/15)

- Статут на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021),
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Службен гласник на Општина Делчево бр.2/2018 и 21/25).

## IIЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1 Општа цел:

Главна цел на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026 г. е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики.

### 2.2. Области на делување и специфични цели:

Програмата ги таргетира следните области на делување и специфични цели:

1. Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината
   - Специфична цел: 1.Зголемување на учеството на младите, момчиња и девојчиња, во креирање локални политики и програми.
   - Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите, момчиња и девојчиња, за болестите на зависност, значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и жените, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и др.
2. Учество на граѓаните во локалниот развој
   - Специфична цел: 1. Унапредување на соработката помеѓу Општина Делчево и здруженија и фондации во согласност со можностите и условите, преку воспоставување механизми за соработка;
   - Специфична цел: 2. Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;
   - Специфична цел: 3. Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии
   - Специфична цел: 4. Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.

- Специфична цел: 5  Вклучување на најмалаку една жена во работата на месните и урбаните заедници.

3. Развој на услуги
    - Специфична цел: 1. Обезбедување постојани и квалитетни услуги за граѓаните
    - Специфична цел: 2. Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО

4. Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија на климатските промени
    - Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и на климатеските програми
    - Специфична цел: 2. Креирање програми/стратегии за искористување обновливи извори на енергија

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Граѓанските организации се активен фактор во општествените промени. Тргнувајќи од нивната важна улога во демократизацијата на општеството, Општина Делчево го цени придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството, поттикнувањето на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата. Со овој документ, врз основа на досегашните постигнати резултати и актуелните општествени текови и стандарди, Општина Делчево разработи рамка за идни активности кои ќе овозможат понатамошно зајакнување и развој на соработката со граѓанскиот сектор. Исто така, се поттикнува граѓанскиот активизам во општината, се унапредува соработката со организациите и се дава придонес кон нивен постојан развој. Овој документ и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики.

Општина Делчево посветено работи и поседува голем број локални документи од стратешко значење за Општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација.

Одреден број НВО (РЦЗ Делчево, НВО КХАМ, ЗГ „Аронија", ЗРА „Пијанечки глас", ЗФГ „Копачка" – с.Драмче, КУД „Гоце Делчев"– Делчево, РКЕЦ „Тернипе МК" – Делчево, ХЗППЛПП „Бравура Кооператива", ЗМ „Локален младински совет Делчево") активно учествувале во изработката на Локалниот акциски план за социјална заштита, како дел од локалната Програма за социјалните потреби на граѓаните од социјална заштита на Општина Делчево (2006), како и Локалниот еколошки акционен план. Уште поважно е дека, во најголем број од планираните мерки и активности за спроведување на акциските планови, НВО се едни од главните партнери и/или носители на имплементацијата. Процесите на децентрализација и пристапување на РМ во Европската Унија (ЕУ), исто така, придонесуваат во дефинирањето на политичко-легислативната рамка.

Во Општина Делчево се регистрирани околу 60 граѓански организации, од кои активни се дваесетина. Најзастапени се оние кои дејствуваат во областите: екологија, регионален развој, меѓугранична соработка, социјална инклузија на маргинализирани групи, еднакви можности на жените и мажите, култура, образование, здравствени и хуманитарни дејности, спорт, земјоделство и други.

Во организациската структура на Општината не постои посебен сектор ниту одделение за соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, соработката е институционализирана во рамките на Одделението за правни и општи работи, како и Одделението за локален економски развој кои се вклучени во активностите за соработка и поддршка на ГС. Редовно се усвојуваат годишни програми за поддршка на граѓанскиот сектор и се одржуваат средби со претставниците на граѓанскиот сектор. Главната цел на програмите е мотивација на невладините организации да работат во интерес на заедницата и да бидат партнер на Општината во креирањето на нејзините развојни политики.

Финансиските средства за поддршка на проектите на здруженијата се планирани со програмата за Локален економски развој. Притоа се финансираат здруженијата и фондациите од областа на ЛЕР, културата, образованието, здравствената заштита, заштитата и унапредувањето на животната средина, младите и младинските политики, еднаквите можности на жените и мажите. Исто така, се финансираат и активности од областа и други настани поврзани со спорт, земјоделие, туризам и др. Распределбата на финансиските средства од буџетот на Општината за поддршка на ГС се врши преку објавување јавен повик за поднесување проекти, во кој се дефинираат областите од интерес, условите и потребните документи за докажување на капацитетот на организациите.

Општина Делчево има изработено стандардизирани формулари со кои граѓанските организации аплицираат за добивање финансиска поддршка за реализација на проекти и програми и тие се јавно достапни на веб-страницата на Општината. Следењето на реализацијата на доделените финансиски средства се врши преку поднесување квартални извештаи кои содржат наративен и финансиски дел, но не постои посебен систем за мониторинг на имплементацијата и евалуација на постигнатите резултати од проектите кои биле финансиски поддржани.

Општината редовно соработува со здруженијата во изработката на заедничките проектни апликации и/или реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и логистички го поддржува ГС во градењето на капацитетите за изработка на проектни апликациии преку организирање обуки. Најчестите начини за комуникација на општинската администрација со граѓанскиот сектор се јавните трибини, е-маил, телефонските разговори, директните секојдневни контакти, наменските средби со организациите активни во конкретна област, но најчесто се практикува објавување на информациите на веб-страницата на Општината која редовно и навремено се ажурира со информации за активностите на Општината, меѓу кои и оние во интерес на ГС.

Општина Делчево има потпишано меморандуми за соработка и договори со ГО од државата за реализација на значајни проекти. Позначајни се: Меморандум за соработка со UNWOMEN за имплементација на родовиот аспект во локалните

програми и воведување на родово одговорно буџетирање, Меморандум за соработка со Здружение за заштита на работничките права „ Гласен текстилец" за родова еднаквост, Меморандум за соработка со Здружение „Жена".

На 03.02.2025 година од страна на Градоначалникот на Општина Делчево, а по претходен предлог на Комисија за доделување финансиска помош на Граѓански здруженија беше објавен јавен повик за доделување финансиска помош на граѓански здруженија од Општина Делчево за 2025 година, на кој беа пријавени вкупно 8 здруженија на граѓани, на кои им беше доделена финансиска помош.

**3.1. Активни здруженија и реализирани настани и проекти на Општина Делчево со здруженија на граѓани во Општина Делчево**

➢ Општина Делчево во текот на целата година има к*онтинуирана* соработка со здружението **КУД „Гоце Делчев"** Делчево согласно со Програмата за одбележување настани и културни манифестации. Соработката особено е интензивна при одбележувањето на историски значајни настани и полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во Делчево и пред споменикот на Гоце Делчев, а Општина Делчево секогаш е партнер и во традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба" која е во организација на КУД „Гоце Делчев " Делчево и дава поддршка на настапите на друштвото во земјава и светот.

➢ **ЗФГ „Копачка**" е најстарото фолклорно друштво во земјава, формирано во 1948 г. Симболот на ФГ, старото автентично оро од с. Драмче „Копачката", од пред 10 години е на репрезентативната листа на нематеријално светско културно наследство на УНЕСКО. Работи на проекти кои се значителни за сочувување на фолклорот и на традицијата и промоција на живото културно наследство во државава и во светот. Општина Делчево изминатиов период дава поддршка за функционирање на друштвото и за реализација на проекти меѓу кои е и поддршката за отворање спомен-соба на основачот на друштвото Димитар Узунски во с. Тработивиште, поддршка за одбележување јубилеи, за настапи и редовно учествува на настани во организација на Општина Делчево.

➢ Со **Регионален центар за застапување- општината** веќе подолг период активно соработува и имплементира заеднички проекти кои се значајни за локалната самоуправа, а како резултат на таа соработка е изработката на неколку стратешки документи кои се значајни за Општината, како што се: Стратегијата за надворешна комуникација на Општина Делчево 2020-2024, Стратегијата за Локален економски развој на Општина Делчево 2021-2025 и Стратегијата за соработка на граѓанскиот сектор со Општина Делчево 2024-2028. Преку заемна соработка со Регионален центар за застапување беа организирани буџетски форуми за одредување на приоритетните проекти, а беше и дел од иницијативата на граѓанскиот сектор за инсталирање енергетски ефикасно осветлување во градскиот парк во Делчево, финансиски потпомогната од Мрежата за рурален развој на Македонија преку Проектот за поддршка на заедницата УСАИД.

➢ Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни **потреби БРАВУРА КООПЕРАТИВА** Делчево, во соработка со Општина Делчево и Министерството за труд и социјална политика на РСМ реализира проекти за развој и

подобрување квалитетот на социјалните услуги и зголемување на понудата на општинските услуги согласно потебите на населението, а кои се во надлежност на локалната самоуправа. Преку овие проекти се обезбедуваат: Услуги во домот, Услуги во заедницата-рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост, Услуги во заедницата- Иновативни рехабилитациски и образовни услуги на лицата со попреченост во Источниот регион.

- Во периодот од 2021 до 2025 година **Организација ЖЕНА** Делчево работеше во следните области:
  - Родова еднаквост и млади
  - Локален економски развој и социјална инклузија
  - Климатските промени, зелената агенда и заштита на животната средина
  - Здравје, здравствена заштита на жените и маргинализираните групи
  - Меѓусекоторска соработка за подобрување на состојбата на жените  во регионот
  - Добро управување и владеењето на правото и борба простив корупцијата

Во овој период Организација ЖЕНА Делчево спроведе истражување „Семејното насилство во Источниот регион-преглед на состојби 2019-2023 документ кој дава препораки за постапување на институциите на локално ниво кои беа предмет на анализата за подобрување на услугите на жените-жртви на насилство. Организација ЖЕНА Делчево во соработка со Локалниот младински совет и младите од општина Делчево учествуваше во изготвувањето на локалната Стратегија за млади. Организација ЖЕНА Делчево е регистрирано во Министерството за правда како организација која дава бесплатна примарна правна помош на граѓаните и дава услуги за психосоцијална поддршка на жените-жртви на насилство. Здружението има реализирно низа активности за превенција од насилство врз жените, како и кампањи за јакнење на свеста за правата на жените. Организацијата „Жена" Делчево во партнерство со МОФ го управува Локалниот центар каде дејствува Дебатниот клуб на млади и клубот за активизам. Во рамки на активностите на Организација ЖЕНА Делчевое и ХАБ-от за Роми. Исто така, со поддршка на оваа Организација се работи и Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево.

- **Во партнерство со НВО КХАМ** Делчево во изминатиот период беа реализирани неколку заеднички проекти од кои најзначајни беа: изработувањето на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година изработена во рамки на проектот „Стој цврсто за родова еднаквост", а со финансиска помош од Општината неколку пати беше организирана регионалната манифестација по повод 8 Април- Денот на Ромите и беа реализирани проекти за обезбедување хуманитарни пакети за најранливите лица.
- **Здружение на роднокрајни автори „ПИЈАНЕЧКИ ГЛАС" Делчево** е здружение за афирмација на сите роднокрајни автори или со постојано место на живеење во Општина Делчево. Работат на проекти за зачувување народната традиција, подигање на јавната свест на населението за културните достигнувања на роднокрајните автори преку промивирање на новоиздадени дела, организирање и развој на разноврсните уметности преку форми на творештво и едукација, наградни конкурси, фестивали и изложби.  Изминатиов период, Општината дава поддршка за промоција и издавање наслови од роднокрајни автори.

- **Ромски културен и едукативен центар „ТЕРНИПЕ МК“ Делчево** е здружение на граѓани кое придонесува за јакнење на капацитетите на ромската заедница, подобрување на нивниот социоекономски статус, унапредување на нивото на култура, демократско и граѓанско општество, образованието и нивно дирекно вклучување и интегрирање во општествените процеси, како и зачувување, презентирање и афирмација на народната ромска култура и традиција на локално и национално ниво. Изминатиов период, Општината дава поддршка за активности на Здружението.
- Редовна поддршка, Општина Делчево дава и на **Здружението „Пчела“** за унапредување на пчеларството во општината, зачувување на пчелниот фонд, зголемување и полесно и поефикасно оплодување на овошките и сл.
- Соработката со Општинската организација на **Црвен крст на Република Северна Македонија** е во насока на градење партнерство на Општина Делчево со организација за реализацијата на хуманитарни акции, поддршка и промоција на доброволното дарување крв, волонтерството и сл.

### 3.2 Финансиска поддршка од Општина Делчево

Финансиската поддршка на ОпштинаДелчевона граѓанските здруженија во Општина Делчево е согласно со одредбите од член 49 од Законот здруженија и фондации и согласно со одредбите на Правилникот за условите, начинот и постапкатаза доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот, како и на здруженија на граѓани. Средства се доделуваат согласно со Правилникот и во транспарентен процесп реку јавен повик кој се објавува на почетокот на календарската година во месеците јануари/март.

Висината на средствата за финансиска помош на граѓанските здруженија одредува во Буџетот на Општината за секоја година посебно.

Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 49 од овој Правилник.

Висината на финансискатапомош која поединечно може да ја добие здружението во тековната година по пат на јавен повик може да изнесува најмногу до 100.000 денари. Постапката за доделување финансиска помош на граѓански здруженија ја спроведува Комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија согласно со одредбите на овој Правилник.

### 3.3 Трендови

Трендовите во НВО-секторот во Македонија ги рефлектираат глобалните предизвици и локалните потреби. Овие трендови покажуваат дека НВО секторот игра значајна улога во решавањето на општествените предизвици, со фокус на

модернизација, граѓанска инклузија и соработка со национални и меѓународни партнери.

### 3.1. Зголемено влијание на дигитализацијата

- НВО секторот сè повеќе користи дигитални алатки за промоција, кампањи, едукација и вмрежување.
- Употреба на социјалните медиуми и веб-страници за промовирање права, подигање на свеста и собирање финансии
- Организирање на онлајн-тренинзи и работилници за граѓаните, особено за маргинализираните заедници.

### 3.2. Фокус на социјална инклузија и маргинализирани групи

- **Ромска заедница:** Проекти за подобрување на условите за живот, образование и вработување на Ромите.
- **Жени и млади:** Активности за унапредување на женските права и ангажман на младите во демократските процеси.
- Поддршка за човековите права и борба против дискриминација.

### 3.3. Промоција на локалната демократија и учество

- **Граѓанско учество:** Проекти кои поттикнуваат активна вклученост на граѓаните во донесување одлуки на локално и национално ниво.
- **Партиципативен буџет:** Иницијативи кои бараат транспарентно трошење на јавните средства преку консултации со граѓаните.

### 3.4 Одржливост и климатски промени

- **Екологија:** Кампањи за чистење на отпадот, енергетска ефикасност и заштита на природните ресурси.
- **Зелени иницијативи:** Промовирање на употребата на обновливи извори на енергија и едукација за климатските промени.

### 3.5. Развојналокалникапацитети

- **Обука на граѓански организации:** Спроведување на тренинзи за подобрување на капацитетите на локалните НВО за пишување проекти, застапување и комуникација.
- **Финансиска одржливост:** НВО се ориентираат кон диверзификација на изворите на финансирање преку партнерства со приватниот сектор и локални донатори.

**3.6. Зголемена меѓународна соработка**

- **ЕУ фондови:** Сѐповеќе организации аплицираат за програми финансирани од ЕУ како IPA и Erasmus+.
- **Регионална соработка:** Заеднички проекти со организации од Балканот за зајакнување на демократијата, човековите права и економската соработка.

**3.7. Транспарентност и отчетност**

- НВО активно работат на зголемување на довербата на јавноста преку транспарентно објавување на активности, буџети и постигнувања.
- Имплементација на стандарди за добро управување и мерење на ефективноста на проектите.

**3.8.Застапување за човекови права**

- **Правна помош:** Обезбедување бесплатна правна поддршка за социјално ранливите групи.
- **Борба против насилство:** Кампањи и активности за намалување на семејното насилство и трговијата со луѓе.

Трендовите во граѓанскиот сектор се движат во насока на профилирање на граѓанскиот сектор како сериозен партнер на кој државните и економските институции може да сметаат, што претпоставува, на една страна, самоограничување на државата како најмоќен фактор, а на друга страна, издигање на интегритетот и на автономијата на граѓаните и на граѓанските здруженија. Економскиот развој е претпоставка за двете промени. Интенцијата за развојот на граѓанскиот сектор треба да биде во насоката во која се движат напреднатите европски општества од каде што доаѓа поттикот за развивање кооперативни односи меѓу граѓанскиот сектор, државата и економијата. Во еден од последните извештаи на Европската комисија за напредокот на земјата во процесот на европската интеграција, меѓу другото, се констатира дека граѓанскиот сектор продолжува да игра конструктивна улога во поддржувањето на демократските процеси и во обезбедувањето контрола и урамнотеженост на моќта на државата и на граѓаните.
Трендовите на промени мора да се движатво насока на т.н. „европеизација‟ на македонското општество во целина и на граѓанскиот сектор посебно.

## IVАКТИВНОСТИ

Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година се определува со усвојувањето на Буџетот од страна на Совет на Општина Делчево со вкупна вредност 600.000 денари од Општина Делчево.

## 4.1 Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината

- ***Специфична цел: 1. Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики***

1. Општина Делчево дава поддршка на работата на Локалниот младински совет, обезбедува логистика ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела.
2. Промоција на Законот за волонтерство- со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите што ги нуди Законот за волонтерство со цел нивно активирање во општествените текови, О. Делчево ќе организира најмлаку една промоција на Законот за волонтерство
3. Промоција на мерките за самовработување-со цел запознавање на младите (м/ж) за можностите за самовработување, О. Делчево ќе организира најмалку една прозентација на мерките за самовработување од АВРМ.
4. Промоција на работата од далечина-со цел да се запознаат младите (м/ж) со можностите што ги нуди работата од далечина, О. Делчево ќе организира најмалку една инфосредба со младите.

- ***Специфична цел: 2. Зголемување на свеста кај младите за болестите на зависност, дискриминација, врсничко насилство родово базирано насилство и др.***

1. Организирање јавни кампањи и едуативни работилници со масовно учество на младите за теми од областа на болестите на зависност, за значењето на превентивните здравствени прегледи кај мажите и жените, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл. со цел јакнење на свеста кај младите кои ќе бидат активни во борбата против различни видови насилстви и дискриминација.

## 4.2 Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој

- ***Специфичната цел 1: Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.***

1. Општина Делчево ќе ги поддржува проектите и програмите на граѓанските здруженија регистрирани на подрачјето на Општина Делчево преку објавување на Јавниот повик за доделување финансиска помош на здруженија на граѓани, а средствата ќе се доделуваат согласно со Правилникот за Општина Делчево во

транспарентна постапка со распишување јавен повик на почетокот на календарската година во месеците јануари/март 2026.

- ***Специфична цел 2: Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи.***

  1. Обезбедување просторни услови за реализација на дел од активностите на граѓанските здруженија предвидени во нивните годишни програми. Оваа поддршка ќе биде обезбедена со давање Согласност за користење на фоејето, мултифункционалниот центар и салата во спомен- домот АСНОМ кои се сопственост на Општина Делчево без надоместок за реализација на одредени настани, настапи и проби,а по претходно поднесено писмено Барање од страна на здрижението.
  2. Општина Делчево ќе продолжи со поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и други видови помош на граѓански здруженија и фондации.
  3. Во областа на поддршката на НВО- секторот, активностите на Општина Делчево ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

- ***Специфична цел 3: Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии***

**1.** Општина Делчево ќе продолжи со организирање буџетски и друг вид форуми и истражување на јавното мислење за одредени области преку анкетни прашалници со цел поголемо учество во креирање/носење локални политики на ГО во процесот на носење на одлуки како што се стратегиите, програмите и акциските планови на општината.

**2.** Развој на модели и форми за продлабодување на соработката на граѓанскиот сектор со општина Делчево, преку нивно директно или индиректно вклучување во мрежи, донаторски проекти, зедничка соработка со бизнис- заедницата, формирање на социоекономски совет на општината и други заеднички активности кои ќе произлезат од партиципативните процеси во кои учествува граѓанскиот сектор и бизнис- секторот со посебен осврт на општествено одговрните компании.

**3.** Вклучување на најмлаку една жена во работата на месните и урбаните заедници. О. Делчево ќе организира средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници.

- ***Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.***

1. Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер  кои се во интерес на развојот на општината со цел зачувување на континуитетот. Поддршката ќе биде преку доделување  на финансиска помош по претходно поднесено Барање за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, преку обезбедување на просторни услови за реализација на истите како и подршка со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и др. видови помош.

Со овој вид поддршка ќе се придонесе за збогатување на културниот живот во општината, за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Делчево, поттик и афирмација на локалното творештво, унапредување на соживотот и обезбедување на континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации кои се од локален карактер.

### 4.3. Област на делување: Развој на услуги

- ***Специфична цел 1: унапредување на интерниот систем за соработка со* ГО**

**1.** Унапредување на општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево со цел Општина Делчево да има увид во активностите на ГО, во нивните области на делување и спроведени активности.

**2.** Системско и континуирано јакнење на капацитети на администрацијата на ЕЛС и ГО- со цел следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да одговорат на предизвиците.

**3.** Објавување на најмалку 3 е-анкети за истражување на јавното мислење и собирање предлози од граѓаните

- ***Специфична цел 2: Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните***

**2.** Поддршка за развој на услуги за маргинализирани граѓани и промоција на услугите за маргинализираните граѓани

**3.** Поддршка на НВО кои ќе се лиценцираат како провајдери за давање услуги

### 4.4 Област на делување: Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени

- ***Специфична цел: 1. Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување на обновливи извори на енергија***

**1.** Општина Делчево ќе даде поддршка на изготвување програми, стратегии, акциски планови за намалување на загадувањето и промоција и искористување на обновливите извори на енергија.

2. Општина Делчево ќе даде поддршка за реализација на акции/активности за намалување на загадувањето и искористување на обновливи извори на енергија

## VТабеларен приказ на активностите и индикатори

| 1. Област на делување: Подобрување на квалитетот на животот на младите во општината | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1: Зголемено учество на младите во креирање на локалните политики** | | | | | |
| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
| Општина Делчево дава поддршка на работата на Локалниот младински совет, обезбедува логистика ги вклучува во процесите на донесување локални програми и политики и се грижи за надградба на капацитетите на младите активисти и обезбедува учество на различни форуми и обуки и се грижи за нивно членување во национални тела. | Со цел активен Локален младински совет, како репрезентативно тело на младите, Општината ќе даде поддршка на нивните активности, ќе се грижи да бидат вклучени во креирање на локалните планови и програми и ќе се грижи за надградба на капацитетите и нивно вклучување/соработка со национални тела на младите | Бр на поддржани активности на ЛМС; Бр на млади учесници на форуми, обуки, работилници (м/ж) | Лице за соработка со ЛМС; Одд. за општи и правни работи; ЛМС | | Континуирано 2026 |
| Промоција на Законот за волонтерство | Промоција на Законот за волонтерство со цел запознавање на младите со можностите и значењето на волонтерството. | Бр на одржани информативни средби Бр на млади учесници на средбите (м/ж) | О. Делчево, ГО | | Континуирано 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Промоција на мерки за вработување | Промоција на мерките за самовработување со цел да се запознаат младите со условите кои ги дава државата за самовработување | Бр. на одржани инфосредби<br>Бр на млади учесници (М/ж) | О. Делчево, АВРМ, ГО | | Континуирано 2026 |
| Промоција на работа од далечина | Ссо цел едукација на младите и можностите кои ги дава можноста за работа од даделична, О. Делчево ќе организира најмалку 1 средба за промоција на работа од далечина | Бр на одржани инфосредби<br>Бр на учесници млади (м/ж) | О. Делчево ГО | | септември 2026 |
| **Специфична цел: 2 Зголемување на свестакајмладите за болестите на зависност, за значењето на превентивните прегледи кај мажите и жените, за дискриминација, врсничко насилство,родово базирано насилство и др.** | | | | | |
| Организирање јавни кампањи и едуативни работилници со масовно учество на младите за теми од областа на болестите на зависност, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл. со цел јакнење на свеста кај младите кои ќе бидат активни во борбата против различни видови насилство и дискриминација. | Со цел јакнење на свеста кај младите за теми од областа на болестите на зависност, дискриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл., О. Делчево ќе организира и ќе даде поддршка на кампањи, едукативни работилници за младите да бидат бидат активни во борбата против различни видови насилство и дискриминација. | Бр на организирани обуки, кампањи<br>Бр на учесници млади (м/ж) | ЛСМ, лице за соработка со младите | 3.000 | Континуирано 2026 |
| **2. Област на делување: Учество на граѓаните во локалниот развој** | | | | | |
| **Специфична цел 1 Поддршка и унапредување на граѓанските здруженија кои егзистираат на подрачјето на Општина Делчево.** | | | | | |

| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јавен повик | Распишување јавен повик за доделување средства од Буџетот на Општината за граѓански здруженија | Поднесени и финансирани најмалку 10 граѓански организации.<br>- Финансирани најмлку 10 граѓански организации од општина Делчево | Комисија за доделување финансиска помош за граѓански здруженија, Одделение за општи и правни работи, Грдоначалник | 600 000 | Јануари 2026 |

**Специфична цел 2 Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани од различни интересни групи.**

| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **Рок на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Обезбедување просторни услови за реализација на активностите на ГО | Создавање услови за реализација на активности на граѓани и здруженија на граѓани, Општина Делчево Ќе продолжи да обезбедува бесплатни просторни услови, преку давање Солгасност за користење на фоајето во спомен дом АСНОМ и салата АСНОМ, мултифункционалниот центар во спомен- домот АСНОМ кои се во сопственост на Општина Делчево за реализација на настани, настапи и проби по претходно поднесено писмено Барање од страна на здружението | Бр. на поднесени барања<br>Бр на одобрени барања<br>Бр на активности | Општина Делчево | | Континуирано 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.Логистичка помош | Со цел овозможување услови за реализација на активностите на ГО, Општина Делчево ќе продолжи со континуирана поддршка на ГО со човечки ресурси, информации, стручна, техничка и други видови помош | Бр на поддржани граѓански оргнизации | Општина Делчево | | Континуирано во 2026 |
| 3. Реализирање партнерски проекти | Во областа на поддршката на НВО секторот, активностите на Општина Делчево ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа | Бр на поддржани проекти/иницијативи | Општина Делчево НВО, Министерства на РСМ и други државни органи | | Континуирано 2026 |

**Специфична цел 3: Вклучување на ГО при носење локални политики/ програми/ стратегии**

| **Активност** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Организација на Буџетски и др.вид форуми и истражување на јавно мислење | Општина Делчево ќе продолжи со организирање буџетски и друг вид форуми и истражување на јавното мислење за одредени области преку анкетни прашалници со цел поголемо учество во креирање/носење локални политики на ГО во процесот на носење на стратегиите, програмите и акциските планови на | Организирани најмалку 3 форумски сесии, организирани најмалку 3 истражувања на јавното мислење | Општина Делчево Градончалник | 100.000 | септември – декември 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | општината. | | | | |
| 2.Развој на модели и форми за продлабочување на соработката со ГО | Со цел директно или индиректно вклучување на ГО во мрежа на општината при имплементација на проекти од различни области, во креирање на локални стратегии и нивно партиципативно учество во изготовка на годишни програми и Буџетот на општината, предвиден е развој на модели и форми за продлабочување на соработката со ГО | Организирање на најмалку две средби за граѓански организации по иницијатива на општина Делчево, бр на присутни/учесници (м/ж) | Општина Делчево Граѓански организации | | |
| Организирање средби со жени за информирање за значењето на нивното учество и ангажман во месните и урбаните заедници | Зголемен интерес на жените за нивно учество во работата на месните и урбаните заедници, посебно важно за собирање приоритети на жените и поттикнување на жените за активно учество во носењето локални пролитики/програми /стратегии | -Број на одржани средби во рурални и урбани средини<br>-Бр. на жени учеснички на средбите | О. Делчево, ГО | | |

**Специфична цел 4: Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на Општина Делчево.**

| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | **временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на манифестации од локален, регионален и | Општина Делчево ќе даде поддршка за манифестации од | Бр на поддржани манифестации | Општина Делчево<br>ГО<br>Комисија за | | Континуирано 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината | локален, регионален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на општината со цел зачувување на континуитетот.<br>Поддршката ќе биде преку доделување на финансиска помош по Јавен повик распишан од страна на општина Делчево за доделување финансиска помош за здруженија на граѓани. Преку обезбедување на просторни услови за реализација на истите како и логистичка поддршка. | | доделување финансиска помош за граѓански здруженија, Одделение за општи и правни работи, Градончалник | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.Област на делување Развој на услуги** | | | | | |
| **Специфична цел: 1. Унапредување на интерниот систем за соработка со ГО** | | | | | |
| Унапредување на општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево. | О. Делчево ќе го унапреди општинскиот регистер на ГО кои функционираат на териоторијата на Општина Делчево со цел Општина Делчево да има увид во активностите на ГО, во нивните области на делување и спроведени активности. Општинскиот регистер ќе се ажурира два пати годишно. | Унапреден регистер<br>Бр на ГО во општинскиот регистер | Одд. за општи и правни<br>ГО | - | На секои 6 месеци од 2026 |
| Системско и континуирано јакнење на капацитети на | Целта е следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да | Бр на обуки<br>Бр на обучени административни | О.Делчево<br>ГО | донации | Континуирано 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| администрацијата на ЕЛС и ГО- со цел следење на трендовите и подготовка на кадри кои можат да одговорат на предизвиците. | одговорат на предизвиците. | службеници (м/ж)<br>Бр на граѓански активисти (м/ж) учесници на обуки | | | |
| Објавување е-анкети за истражување на јавното мислење и собирање предлози од граѓаните | Активно учество на граѓаните во истражувањето со кое добиваме податоци за мислењето/приоритетите на граѓаните за одредена цел/област и актуелизирање на двонасочната комуникација како значајна алатка на Општината при донесување локални програми/проекти/стратегии | Бр. На објавени е-анкети<br>-бр. на области опфатени со анкетните прашалници<br>-бр. на анкетирани граѓани (М/Ж)<br>-бр, на предлози и коментари од граѓаните | О. Делчево, ГО | | |
| **Специфична цел: 2. Обезбедување постојани и квалитетни услуги на граѓаните** | | | | | |
| Поддршка за развој на услуги за маргинализирани граѓани | О. Делчево ќе даде поддршка на ГО за развој на услуги за маргинализирани групи граѓани, како што е: бесплатната правна помош која ја даваат одредени ГО, реализација на хуманитарни и др. вид акции, поддршка за остварување на правото од социјална и др. вид заштита и сл. | Бр на дадени поддршки на ГО<br>Бр на услуги<br>Бр на засегнати граѓани (м/ж) | О. Делчево<br>ГО<br>Донатори | донации | Континуирано<br>2026 |
| Поддршка на НВО кои ќе се лиценцираат како провајдери за давање услуги | О. Делчево дава поддршка на трендовите во социјалната заштита за лиценцирање на ГО за провајдери на услуги. | Бр. на лиценцирани ГО<br>Бр на услуги<br>Бр на опфатени корисници со услугата (м/ж) | О. Делчево, МТСП, ГО | донации | Континуирано<br>2026 |

**4.Област на делување Подобрување на енергетската ефикасност и намалување на штетните влијанија од климатските промени**

| **Специфична цел 1: Намалување на интензитетот на загадување и креирање програми за искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Делчево ќе даде поддршка на изготвување програми, акциски планови за намалување на загадување и промоција и искористување на обновливи извори на енергија | Со цел градење партнерство и решавање на проблемите со загадувањето и последиците од климатексите промени, О Делчево дава поддршка на изготвување програми / акциски планови и др. документи за планска акција за решавање на проблемот со загадувањето и климатските промени | Бр на изработени програми/планови<br>Бр на ГО кои изработувале документи<br>Бр на граѓани (м/ж) засегнати од донесените документи | О. Делчево<br>ГО<br>донатори | Донации | Континуирано 2026 |
| Општина Делчево ќе даде поддршка за реализација на акции/активности за намалување на загадувањето и искористување на обновливи извори на енергија. | Со цел преземање конкретни акции за намалување на загадувањето и последиците од климатските промени, О. Делчево ќе даде поддршка на соодветни акции/активности. Бенефит од акциите ќе имаат граѓаните на Делчево (м/ж) | Бр на поддржани акции/активности<br>Бр на ГО кои реализирале акција/активност<br>Бр на засегнати граѓани (м/ж) | О. Делчево<br>ГО<br>донатори | 100.000/донации | Континуирано 2026 |

## VI Очекувани резултати

Со реализацијата на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026 г. се очекува да се оствари основната цел на Програмата и да се даде голем придонес кон промовирањето, поддршката и унапредувањето на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите),

како и да се креираат нови мерки кои ќе значат зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики. Воедно, реализацијата на Програмата оди во насока за остварување на стратешката визија на Општина Делчево, а таа е: Општина Делчево, граѓанскиот сектор и локалните јавни институции заеднички да планираат и да имплементираат локални јавни политики, програми и проекти во насока на континуиран и одржлив развој и подобар живот на граѓаните".

## VIIРИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик**.** Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност."

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка н граѓанскиот сектор во 2026 год., се:**

**А) Влијанија врз реализација на Програмата**

- Недоволна меѓуинституционална соработка;
- Недоволна промоција на можности;
- Недоволни средства за ГО од буџетот
- Неажурност и незаинтересираност на дел од ГО
- Незаинтересираност на дел од младите за учество во креирање на локални политики
- Неповолнасоциекономска состојба во државата;
- Здравствена криза;
- Енергетска криза;
- Заминување на младите;
- Намалување на ЕУ – фондовите;

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2026 г.

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на**

**Програмата за активности на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година**

| **Активности** | **Вкупен буџет** | **Буџетска програма** |
|---|---|---|
| Јавен повик | 600.000денари | Д0 |
| Поддршка на ЛМС | | |
| Промоција на Законот за волонтерство, на мерките за самовработување, работа од далечина | 3.000 денари | Г1 |
| Едукативни кампањи | 3.000 денари | Г1 |
| Реализирање партнерски проекти | | |
| Буџетски и др. вид форуми | 100.000 денари | Г1 |
| Развој на модели за соработка со ГО | 10.000 денари | Г1 |
| Средби со жени во месни и урбани заедници | 1.000 денари | Г1 |
| Поддршка на манифестации поо барање | 50.000 денари | Г1 |
| Поддршка на програми, стратегии, акциски планови за намалување на загадувањето и промоција на искористување обновливи извори на | 100.000 денари | Г1 |

| | | |
|---|---|---|
| енергија | | |
| Поддршка на акции за намалување на загадувањето и искористување на обновливи извори на енергија | 100.000 денари | Г1 |
| Вкупно | **967.000,оо денари** | |

## IXСЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветниалатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за активности на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2026 г. ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на раководителот на Одделението за општи и правни работи.
Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.
Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.
Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

### 10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| **Индикатор** | **Извор на податоци** | **Метод на собирањеподатоци** | **Алатка** | **Фреквенција на собирањеподатоци** | **Одговорно лице** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број поддржани ГО по Јавниот повик<br>Доделени средства по јавен повик.<br>Доделени средства по поднесени барања за манифестации/настани | -Доделени договори по Јавен повик<br>-записници од трибини/дебати, инфосредби, донесени програми, спроведени акции, | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Раководител на Одд.заопшти и правниработи, одговорно лице за комуникација со ГО, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр на одржани едукативни средби со млади (м/ж)<br>Бр.наодржани дебати/трибини;<br>Бр на поддржани програми/стратегии/акциски планови за намалување на загадувањето и обновливи извори на енергија.<br>Бр на поддржани акции за намалување на загадувањето<br>Бр на поддржани партнерски проекти,<br>Бр на учесници ан форуми (м/ж),бр на присутни жени на инфорсредби во МЗ и УЗ<br>Бр на одржани обуки за надградба на капацитетите на јавната админситрација и на ГО, бр на објавени е-анкети, бр на лиценцирани ГО како провајдери на услуги | | | | | Комисија за граѓански сектор |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за поддршка на граѓанскиот секторза 2026 год. на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-3055/1** **Совет на Општина Делчево**

**30.12.2025** **Претседател**

**Делчево** **Николчо Стојменовски**

10.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 22 од Законот за Младинско учество имладински политики (Сл.Весник на РСМ 10/20), Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр.12-923/1 од 07.04.2021 година донесен од Агенција за млади и спорт, член 22 и член 78 став 2 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 3-та седница одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за измена на Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево**

Член 1

Во Одлуката за отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/25), член 1 став 1 се менува и гласи:

Со оваа Одлука Општина Делчево, отстапува на користење просторија број 2 во површина од 40,93 м2 и 3 и просторија број 3 во површина од 19,28 м2, лоцира ни ул. „М.М. Брицо“ бб, Делчево запишани во Имотен лист 10321,на КП бр.7132 зграда број 1, кат број 1, сопоственост на Општина Делчево за потребите на Младинскиот центар.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 3056/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 34 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр.36/04, бр.49/04, бр.86/08, 124/10, 18/11 и 41/14 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.82/2020; 215/2021, 124/2025) и член 15 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата трета седница, одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А

**За формирање на Штаб за заштита и спасување за општина Делчево**

**Член 1**

Се формира Штаб за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево во состав:

1. Иван Гоцевски –Градоначалник
2. Николчо Стојменовски – Командант
3. Кире Цоневски – соработник за превенција

4. Винко Ангеловски –Началник
5. Драган Балас – РЦУК ,,Делчево“
6. Тони Вангеловски – заштита и спасување од поплави
7. Др.Адријана Илиевска-Велковски- медицинска помош
8. Др.Билјана Ѓеоргиевска- Директор на ЈЗУ ,,Гоце Делчев,, Делчево
9. Дарко Стоименовски- Началник на ОВР Делчево
10. Лејла Анакиевска – Командир на ПС- ОН Делчево
11.Марија Аџиска – Заменик командир на ПС – ОН Делчево
12.Далибор Ангеловски –Началник на РЦ Исток
13. Атанаско Златковски– Командир на ПС за ГР
14. Сашко Поповски- Командир на ТППЕ Делчево
15.Џулиета Мемедова – Администратор и записничар
16. Даниела Такева – Односи со јавноста
17.Борче Стоименовски- виш соработник за комунална хигена
18.Марија Сумрачка – ЈКП ,,Брегалница,, Делчево
19. Сузана Велкова – ДЗС ПО Делчево
20. Влатко Ристов – Инспектор при ДЗС ПО Делчево
21. Влатко Мицевски – заштита и спасување од пожари
22. Катерина Величковска – Советник во Совет на Општина Делчево
23.Виктор Ѓеоргиевски – Советник во Совет на Општина Делчево

Член 2

Покрај постојаните членови, Штабот за заштита и спасување на општина Делчево може да ангажира и други лица како привремени членови во зависност од елементарната непогода која во даден момент е актуелна.

Член 3

Задача на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево е да раководи со просторните сили и другите субјекти ангажирани за заштита и спасување, како и донесување на конкретни мерки и активности за време на кризна или вонредна состојба.

Член 4

Материјалното обезбедување на Штабот за заштита и спасување за општина Делчевоќе се врши преку Буџетот на општина Делчево.

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлука за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на општина Делчево бр.09-219/1 од 30.01.2024 година

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09- 3057/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

## 12.ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 15, став 1 точка 8 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 3.Седница, одржана на 30.12.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за образование на
Општина Делчево за 2026 година

### I ВОВЕД

#### 10. Појдовна основа на Програмата за активности на Општина Делчево од областа образование за 2026

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и на економскиот живот во општеството. Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување, како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од која било возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво, пак, дава можност за севкупен развој на заедницата. Од тука, смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување одлуки и во процесот на управување со училиштата, како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање.

Предизвиците на училиштата и учењето во 21 век се во насока дека мора да се води сметка за потребата на поединецот за академски развој и да се дадат можности на овие поединци да функционираат добро во општеството врз основа на барањата што ги поставува општеството, исто така обезбедувајќи му на поединецот етичка платформа со цел да придонесе за одржлив развој кој ја штити основата на општеството; природата и природната средина. Општина Делчево верува дека овој сеопфатен начин на размислување - каде што образованието е надградба за целото учење - ја обезбедува оваа комбинација, но истовремено се прават напори да се задржи потрадиционален поглед на учењето кој на сите деца ќе им обезбеди добар развој, академско знаење и добри вештини, во исто време кога

можеме да им дадеме посеопфатен поглед на општеството и светот што ги опкружува. Ова се заснова на модел кој има цели насочени кон учениците да се разбираат и да се грижат за себе, да се разберат и да се грижат едни за други, за својата заедница, природата и планетата како и да бидат во можност во иднина да носат добри, одржливи одлуки за иднината на едно демократско општество.

Улогата на општините во образовниот систем е обезбедување и одржување на образовната инфраструктура која се состои од училишни згради и опрема, транспорт, наставни средства, како и управување со образовните фондови и образовниот кадар.

Општина Делчево при донесувањето на Програма за образование внесува веќе применети практики и искуства.

Програмата за образование за 2026 година на Општина Делчево дефинира повеќе приоритетни активности од областа на образование кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование за добробит на граѓаните на Општина Делчево.

Целите на програмата се јасно определени и од родов аспект, со вклучени согледувања од направените проценки на потребите и приоритетите на различните целни групи, вклучително специфичните потреби на жените и на мажите, односно на девојчињата и на момчињата.

## 1.2 Оправданост / Законска основа

Програмата за образование претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон развој и подобрување на квалитетот на образованието коешто во Делчево се одвива во три образовани институции и една детска градинка.

Програмата ги дефинира активностите и алатките кои ќе се имплементираат од Општина Делчево. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на образованието за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со советникот за образование под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на образованието работи со важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и од локалната самоуправа, односно програмата за образование на Општина Делчево за 2026 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)
- Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)
- Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002),

- Законот за еднакви можности на жените („Сл. весник“ бр. 201/15)
- Статут на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021)
- Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.1/2018 и бр.7/21), -
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани (Сл. гласник на Општина Делчево бр.2/2018)
- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош (Сл.гласник на Општина Делчево бр.1/2023)
- Одлука за доделување средства за инклузија на деца РОМИ во ОЈУДГ „Весели цветови“
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### Општа цел:

Општа цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.
Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

**Специфични цели:**

Специфичните цели на Програмата на Општина Делчево од областа на образованието се во насока да се обезбедат активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите, девојчињата и момчињата од областа на образованието, изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес, планирање на развојот на образованието и подобрување на условите за реализација на образовниот процес, подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во училиштата, креирање и спроведување образовни политики согласно со локалните потреби за развој на образовниот процес.

Основни специфични цели на Програмата се:

5. Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења.
6. Обезбедување еднакви образовни можности за момчињата и девојчињата.
7. Унапредување на наставниот процес, воннаставните и слободните активности во основни училишта и квалитетна реализацијата на наставниот план и програма и обезбедување квалитет и професионален развој на наставниците и воспитувачите.
8. Воннаставни активности во насока на негување на културата и на традицијата кај учениците/чките.

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

3.1 Воспитно -образовниот процес во Општина Делчево се реализира во три образовни институции од кои две се деветолетки, а еден средношколски центар. Во Делчево во учебната 2025/2026 учат вкупно 1236ученици.
ученици од кои 600 се машки, а 636 се женски, а вкупниот број наставен кадар и помошен персонал во училиштата е 237 од кои жени се 158, а мажи 79.
Инаку, освен двете централни училишта за основно образование функционираат и седум подрачни училишта од кои четири подрачни училишта држат настава до петто одделение, а три подрачни училишта се со комплетно основно образование.

Условите за реализација на наставата во училиштата во Општина Делчево се прилагодени согласно со Законот за основно и средно образование. Наставата во училиштата се изведува во една смена. Во рамките на трите образовни институции постојат и спортски сали кои даваат голем придонес во развојот на спортот и училишните спортски клубови.

Правејќи анализа и користејќи споредбени податоци во Делчево се доведува до заклучок дека е алармантна состојбата со намалување на бројот на ученици. Во Делчево во тековната учебна година учат 145 ученици помалку во споредба со учебната 2022/23 година. Најголем пад на бројот на ученици има во СОУ, каде пред две години учеле 390 ученици (177м/ 213ж), а во тековната 2025/2026 учебна година 304 (173ж/131м) или има намалување на бројот на ученици за 86 ученици.

Исто така, перманентно опаѓа и бројот на запишани првачиња. Во тековната 2025/2026 година во двете основни училишта се запишале – 111 првачиња (56 м/ 55 ж), а споредбено со учебната 2022 г, кога се запишале 115 првачиња, додека пред 10 години, односно во 2015 г. вкупно првачиња се 142 .

Водејќи се од целите за поттикнување за постигнување подобри резултати во образовниот процес на учениците/чките и наградувајќи го вложениот труд на талентираните ученици/чки, Општина Делчево воведе неколку мерки кои значат: поддршка на учениците и на нивните родители, но и даваат стимулација за да се запишуваат учениците во делчевските училишта, а воедно и наградувајќи го вложениот труд и постигнатите резултати на талентираните ученици. За таа цел се воведе еднократен паричен надомест во висина од 3.000 денари а од 2026 година се покачува на 4000 денари за секое запишано прваче во Делчево, а Општината доделува годишно 23 стипендии за одлични средношколци и талентирани студенти и една стипендија за ученик/чка со попреченост. Процесот на доделување стипендии е транспарентен и преку јавен повик.

Друга стимулативна мерка е и наградно патување на 10 најдобри матуранти за што Општина Делчево издвојува годишно во Буџетот 300.000 ден. Наградното патување е до европска дестинација и по избор на матурантите. Процесот е транспарентен со претходно објавен јавен тендер за избор на туристичка агенција која ќе го организира патувањето и согласно со Правилникот.

Исто така, Општината доделува и стипендии за учениците на генерацијата во двете основните училишта и во Средното општинско училиште, а наградени се и ученици кои освоиле прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар кој е сертифициран од МОН и БРО, а согласно со Правилникот за начинот условите и критериумите и постапката за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

При доделувањето на стипендиите, останува фактот дека повеќе од 80% од добитници на општински стипендии се девојчиња, наспроти момчиња и загрижува малиот интерес кај момчињата за постигнување поголеми резултати во образовниот процес. Минатата година во СОУ „М.М.Брицо“ , во 10-те најдобри матуранти се само 1 момче, додека пред две години, сите наградени се девојчиња. Истото се однесува и при доделување на општинските стипендии по конкурс. Од вкупно доделени 18 средношколски стипендии само 3 ги добиле момчиња.

Овој диспаритет ја обврзува Општината и училиштата за преземање активности со цел мотивирање на момчињата за постигнување поголеми резултати во образовниот процес.

Следејќи ги трендовите и насоките од МОН, во СОУ „М. М. Брицо“ Делчево веќе четири години функционира дуално образование во стручните паралелки. Дуалното образование е систем во кој практиканствата во една компанија се комбинираат со училишните часови во стручното училиште. Овој процес има значајно влијание врз зголемувањето на можностите за вработување. Овој нов концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање стипендија од МОН.

Во СОУ „М.М.Брицо“ освен гимназиска насока, постојат и две стручни насоки: хемиско-технолошка насока и текстилно-кожарска насока. Се наметнува, сепак, прашањето колку стручните насоки во училиштето ги мотивираат учениците да се запишуваат во средното училиште во Делчево и останува и понатаму потребата, да се направи соодветна анализа и да се размислува за воведување нова стручна насока која ќе одговара на интерсот на младите луѓе од Делчево согласно со пазарот на трудот.

**3.2 Следува табеларниот приказ на ученици и вработени во училиштата, според пол и етничка припадност:**

| Гимназиско образование и стручно образование 2025/2026 година | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Роми | | | Турци | | | Вкупно |
| | М | Ж | Вк. | м | Ж | Вк. | М | Ж | Вк | |
| I година | 29 | 44 | 73 | 7 | 8 | 15 | 1 | | 1 | 89 |
| II година | 30 | 34 | 64 | 2 | | 2 | | | | 66 |
| III година | 32 | 42 | 74 | 5 | 2 | 7 | 1 | 1 | 2 | 83 |
| IV година | 22 | 42 | 64 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | 66 |
| Вкупно | 113 | 162 | 275 | 15 | 10 | 25 | 5 | 1 | 4 | 304 |

ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО | М | Ж | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Директор | | 1 | 1 |
| Помошник директор | | / | / |
| Стр.соработници(педагог,социолог,библиотекар) | | 3 | 3 |
| Наставници | 8 | 34 | 42 |
| Административни работници(секретар, благајник, технички секретар) | | 3 | 3 |
| Помошен персонал | 6 | | 6 |
| **Вкупно** | **14** | **41** | **55** |

Вкупен број на ученици кои користат  ученички превоз за учебната 2025/2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 60 |
| Машки ученици: | 25 |
| Женски ученици: | 35 |

1. Број на ученици во ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево за учебната 2025 – 2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 440 |
| Машки ученици: | 220 |
| Женски ученици: | 220 |

2. Број на ученици според национален состав за учебната 2025 – 2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Македонци | 382 |
| Машки | 190 |
| Женски | 192 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Роми | 52 |
| Машки | 26 |
| Женски | 26 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број ученици Турци | 6 |
| Машки | 4 |
| Женски | 2 |

3. Вкупен број на вработени на наставен кадар во училиштето за учебната 2025 – 2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број вработени наставен кадар: | 51 |
| Мажи: | 15 |
| Жени: | 36 |

4.Вкупен број на ученици кои користат ученички превоз за учебната 2025/2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 60 |
| Машки ученици: | 25 |
| Женски ученици: | 35 |

1. Број на ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“ – Делчево за учебната 2025 – 2026 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици: | 492 |
| Машки ученици: | 249 |
| Женски ученици: | 243 |

2. Број на ученици според национален состав за учебната 2024 – 2025 година

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Македонци | 467 |
| Машки | 234 |

| | |
|---|---|
| Женски | 233 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Роми | 23 |
| Машки | 15 |
| Женски | 8 |

| | |
|---|---|
| Вкупен број на ученици Турци | 2 |
| Машки | / |
| Женски | 2 |

**4. Вкупен број вработени во училиштето за учебната 2025 – 2026 година**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на наставен кадар : | 83 |
| Мажи: | 25 |
| Жени: | 58 |

Вкупен број на ученици кои користат ученички превоз се 33 од кои 19 машки и 5 женски и 9 ученици со попреченост во развојот.

**3.3 Инклузија на ученици со попреченост- Во училиштата во Делчево** Трансформацијата на специјалните училишта во центри за поддршка, каде што главна улога ќе имаат образовните асистенти, беше неопходна промена во образовниот систем за децата со попреченост да го остварат правото на еднакви можности за образование и согласно Законот за основно образование. Правото на сите деца на образование е утврдено во голем број меѓународни договори и документи и е потврдено со голем број на законски обврзувачки и необврзувачки инструменти. Оттаму, државите имаат обврска да го почитуваат, штитат и исполнуваат правото на сите ученици на образование. Инклузивното образование се темели на пристапот заснован на човековите права кој е дефиниран со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и со Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, кои се прифатени од Република Северна Македонија. Во текот на оваа учебна, 2025/ 2026 во Делчево во образовниот систем се опфатени 18 ученици со попреченост и ангажирани се 9 образовни асистенти и 3 лични асистенти.

**Број на ученици со проценка од МКФ во ООУ „Ванчо Прке“ – Делчево за учебната 2025 – 2026 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 4 | М | Ж |
| | | 2 | 2 |
| Број на образовни асистенти | 3 | | |
| Број на лични асистенти | 1 | | |

Ученици со попреченост во ООУ „Св. Климент Охридски“ Делчево

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 9 | М | Ж |
| | | 8 | 1 |
| Број на образовни асистенти | 5 | 1 | 4 |
| Број на лични асистенти | | | |
| 1 посебна паралелка | 1 | 1 | |

Ученици со попреченост во СОУ „М.М.Брицо“

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на ученици со проценка од МКФ | 5 | М | Ж |
| | | 4 | 1 |
| Број на образовни асистенти | 1 | | 1 |
| Број на лични асистенти | 2 | | 2 |

**3.4** Покрај училиштата во Општина Делчево функционира и детската градинка „Весели Цветови“. Во детската градинка за 2025 /2026 година се згрижени 296 деца од кои 278 Македонци, Роми 17 и 1 Турци од кои 145 машки и 133 женски. Број на деца на листа на чекање се 39.

Во 2024/2025 година во установата биле згрижени 323 деца

Во 2023/2024 година во детската градинка се згрижени 358 деца.

Вработени во установата за 2025/2026 година има вкупно 53, од нив 51 се Македонци и 2 се Роми.
За 2025/2026 година вработени биле 53 од кои 47 жени и 6 мажи.
Воспитно-образовната дејност се одвива во еден објект, а како проблем се јавува големата листа на чекање за влез во детската градинка. Така, околу 130 дечиња ќе бидат прифатени во новата детската градинка. За таа цел во Делчево преку МТСП се инвестираше во изградба на нова детска градинка која треба да ја анулира листата на чекање и да овозможи современи услови за згрижување на дечињата и за воспитно-образовниот процес што значи инвестиција во раниот детски развој. Инвестицијата е вредна околу 60 милиони денари. Новата детска градинка е на локација во населбата Расадник и е со капацитет од 130 дечиња. Изградбата на градинката е завршена во тековната 2025 година и за оваа година се планира и партерно уредување и опремување на градинката со потребниот мебел, опрема и дидактички материјали за наставниот процес.

### 3.6 Трендови

Образовниот систем во Република Северна Македонија ги одразува потребите на општеството за образовна, научна и постојана улога на образованието и науката за економскиот, социјалниот, технолошкиот и културниот развој на општеството во целина. Македонскиот образовен систем е децентрализиран. Управувањето со основните и со средните училишта е под надлежност на општините, освен средните училишта во главниот град Скопје кои се под надлежност на Град Скопје. Државата обезбедува финансиски средства за образованието во општините во форма на блок- дотации. Оние општини кои сè уште се во првата фаза од децентрализацијата добиваат блок- дотации за финансирање на одржување на инфраструктурата, а платите на вработените во училиштата сè уште се централно распределени. Општините кои се во втората фаза на децентрализација добиваат блок- дотациии за инфраструктура и за плати на вработените во училиштата. Управувањето со сите училишта за ученици со посебни потреби е под директна одговорност на Министерството за образование и наука.
Наставните програми по предметите во основното и општо средно образование и за општите предмети во стручното образование ги подготвува Бирото за развој на образованието, а за стручните предмети Центарот за стручно образование и обука. Обезбедувањето на квалитетот во образовните институции е под надзор на Државниот просветен инспекторат.
Посебен приоритет на Република Северна Македонија е образованието на возрасните, дејност која е регулирана со Законот за образование на возрасни и Законот за стручно образование. Системот на образование на возрасни го промовира Центарот за образование на возрасни, институција основана од Владата со цел преку образованието на возрасните да придонесе за остварување на социоекономските потреби на Македонија, да ги задоволи потребите на пазарот на трудот и да помогне поединци во нивниот личен развој.
Република Северна Македонија како програмска земја учествува во програмата Еразмус+. Трендовите во образованието, како дигитализацијата на образованието, дуалното образование, современи услови во наставата се приоритети на кои посветено се работи на нивна имплементација во Општина Делчево.

## IV АКТИВНОСТИ

4.1 Специфичната цел 1: Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето

**1. Еднократна парична помош за сите првачиња -** Општина Делчево од месец септември 2020 година воведе нова мерка која значи поддршка на родителите чие дете го започнува образовниот процес во делчевските основни училишта. Право на еднократна помош за прваче има секое семејство кое го запишало своето дете – прваче во основните училиште на територијата на Општина Делчево. Висината на паричната помош за секое прваче изнесуваше 3.000 денари од 2026  година износот ќе биде покачен на 4000 денари. Постапката за доделување парична помош за прваче се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Делчево. Подносителот, исто така, потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош, а ги доставува и следниве документи:

- Барање и изјава
- Важечка лична карта на еден од родителите;
- Извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште;
- Трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош за прваче се поднесува во рок од три месеци од почетокот на школската година.

**2. Поддршка на талентирани ученици и ученички:**

а) Награди за првенци/ки на генерацијата; Овие награди се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот април од тековната година до СОУ и во месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 15 мај тековната година за СОУ и до 10 јуни тековната година за општинските основни училишта. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделуваа три награди за првенец на генерацијата во трите образовни институции. Наградата ќе се исплаќаат еднократно во висина од по 20.000,оо денари за првенците на генерацијата од двете основни училишта и 30.000,ооденари за првенецот на генерацијата од СОУ за учебната 2025/2026 година

б) Награди за постигнати значајни резултати и освоени: прво, второ и трето место на меѓународни и државни натпревари. Врз основа на Правилникот за доделување награди и признанија на Општина Делчево се предвидено дека наградата се доделува на ученици во

основно и средно образование кои во поединечна категорија освоиле прво, второ или трето место на државни натпревари организирани од лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието, како и од реномирани меѓународени натпревари. Под поимот место се подразбира само по еден ученик на организираниот натпревар да има го има освоено првото, второто или третото место.

Наградата се доделува во форма на парични средства.

Висината на паричната награда од ставот (2) е во износ од

15.000,ооденари за освоено прво место

10.000,ооденари за освоено второ место

8.000,ооденари за освоено трето место

Награда се доделува врз основа на поднесено барање за исплата на парична награда за постигнати значајни резултати на државни и меѓународни натпревари во тековната година.

Барањата се доставуваат најдоцна до 31 декември во тековната година, кога е организаран натпреварот.

Барањата може да се поднесе еднаш во тековната година за највисокото место кое го има освоено ученикот.

Во прилог на барањето потребно е да се достави доказ, фотокопија од диплома за освоено место од државниот или меѓународниот натпревар и потврда за редовен ученик.

Градоначалникот на Општина Делчево со решение формира комисија која ги разгледува поднесените барања и утврдува дали се исполнети условите за доделување на наградата и да дава предлог до Градоначалникот кој донесува решение за доделување на наградата во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

в) Стипендии за одлични ученици/чки во СОУ- одлични ученички и ученици кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и стипендии за одлични ученички и ученици кои постигнале особен успех во образованието. Во **првата категорија** се предвидени 10 ученички стипендии за одлични ученици од II, III и IV година во учебната 2025/2026 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата која изнесуваше по 1.500 денари месечно, се зголемува за 500 денари и ќе изнесува по 2000 денари а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2026 година;

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 8 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето кои ги исполнуваат условите да се редовни ученици од II, III и IV година во учебната 2025/2026 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение, како и ученици кои освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари. Висината на стипендијата која

изнесуваше 2.000 денари месечно, се зголемува за 500 денари и ќе изнесува 2500 денари а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2026 година;

Стипендиите од точка в, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 2 се вработени во Општината, 2 се советници од Советот на Општината и 1 претставник од СОУ „М.М.Брицо“. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување стипендии и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15 дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на ученици за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

г) **Стипендии за студенти кои студираат на државните факултети во државава:** за студенти кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и за студенти кои постигнале особено висок просек. Во **првата категорија**, Општина Делчево доделува 2 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои се жители на Општина Делчево и студираат на државните универзитети во РСМ, а се редовни студенти со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата која изнесуваше 2.000 денари се зголемува за 500 денари и за студиската 2025/2026 година ќе изнесува 2500 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец Јануари 2026 година.

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 2 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, редовни студенти од опшествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето. Висината на стипендијата која изнесуваше 3.500 ден се покачува за 500 денари и за студиската 2025/206 година ќе изнесува 4000 денари.

Конкурсот за доделување стипендии се објавува во текот на **месецот јануари** од тековната година, на Огласната табла во Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“ Делчево, регионалните медиуми и веб-страницата на Општина Делчево- www.delcevo.gov.mk.

Стипендиите од точка г, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 3 се вработени во Општината и 2 се советници од Советот на Општината. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15

дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на студенти за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

**д) Наградно патување на најдобрите 10 матуранти од делчевската гимназија-** По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување, пофалување и наградување ученици/чки од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо", се избираат 10 најдобри матуранти кои од Општина Делчево добиваат наградно патување до европска дестинација по нивни избор. За оваа намена, Општина Делчево распишува тендер за избор на туристичка агенција која ќе го организира патувањето, за што во Буџетот на Општината се планирани 300.000 ден.

ѓ) **Промоција на општинските стипендии**- со цел поголема видливост на мерките на Општина Делчево и подобро запознавање на учениците/чките со овие мерки, Општина Делчево во текот на месец септември-на почетокот на школската година ќе изработи пропаганден материјал, како флаери, постери и сл., но ќе организира средби со учениците/чките во соработка со ученичката заедница во СОУ „М.М.Брицо".

е) **Организирање дебата** за поттикнување на момчињата да добиваат стипендии и награди- Податоците со години наназад потврдуваат дека бројот на момчињата кои користеле стипендии по различни основи е многу помал во споредба со бројот на девојчињата, па за таа цел ќе се организираат мотивациони средби, дебати и сл со цел да се зголеми интересот и кај момчињата за добивање на општински награди и стипендии.

д) **Стипендија за ученик/чка со попреченост** во СОУ- Висината на стипендијата е 2000 ден и таа ќе се исплаќа во период од 9 месеци. Стпендијата ќе се доделува по претходно распишан јавен повик.

Стипендиите од точка д, се доделуваат врз основа на одредбите од оваа Програма, на транспарентен начин преку објавување на јавен конкурс. Градоначалникот на Општината формира комисија од 5 члена, од кои 2 се вработени во Општината, 2 се советници од Советот на Општината и 1 претставник од СОУ „М.М.Брицо". Комисијата ги утврдува критериумите за доделување стипендии и објавува јавен конкурс по утврдените критериуми. Конкурсот трае 15 дена и во рок од 5 дена од завршувањето на конкурсот, комисијата ги разгледува поднесените пријави и ги бодува согласно со утврдените критериуми. Изготвува предлог- листа на ученици за доделување стипендии и ја доставува до градоначалникот. Градоначалникот врз основа на доставената предлог-листа, донесува решенија за доделување стипендии.

ѓ) Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за учество на меѓународен натпревар.

4.2. Специфична цел 2: Обезбедување еднакви образовни можности за сите ученици/чки.

1. Парични награди за најдобри ученици Роми во трите образовни институции доделува Општина Делчево по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април за тековната учебна година. За најдобриот средношколец Ром по успех во учњето во СОУ„Методи Митевски Брицо" Делчево, Општина Делчево паричната награда од 10.000 ја зголемува за 1000 денари и за учебната 2025/2026 година ке изнесува11.000 денари. Најдобрите ученици Роми по успех во основното образование во ООУ „Ванчо Прке" и
ООУ „Св.Климент Охридски" досегашната награда од 5000 денари се зголемува за 1000 денари и ке изнесува по 6000 денари од ученик за учебната 2025/2026 година. Овие парични награди на најдобрите ученици Роми во Делчево се традиционални и претставуваат мотивација на учениците да постигнуваат подобри резултати во образованието.

11. Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот и сл и организирање кампањи на тема меѓуврсничко насилство; активности со ОСБСП за зголемена безбедност во сообраќајот.
12. Обезбедување туторска настава за ученици Роми по предметите македонски, математика и англиски јазик за 2,3,4 и 5 одделение.
13. Инклузија на ученици/чки со посебни потреби во наставниот процес.
14. Инклузија на деца Роми во претшколско образование. Во детската градинка „Весели цветови" во Делчево и во оваа учебна 2025/26 година ќе бидат згрижени 15 деца – Роми на возраст од 3 до 6 години кои се во социјален ризик, а во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи– детски градинки". Целта на Проектот кој се реализира 18 години е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација, како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.
15. Воведување предмет ромски јазик и култура во ООУ „Ванчо Прке". Доколку има потреба и барање од учениците/чките за изучување на ромскиот јазик и култира, а по претходна согласност од МОН, Општина Делчево ќе даде поддршка за воведување на овој предмет, како факултативен во ООУ „Ванчо Прке".
16. Стипендија за ученик/чка со попреченост во СОУ.

4.3.Специфична цел 3: Подобрување на квалитетот на образовниот процес,

1. Обуки за наставен и воспитувачки кадар со цел континуирана едукација на наставниот кадар од образовните институции и на воспитачкиот кадар од детската градинка и следење на новините во областа за образование и воспитување, образованите институции ќе соработуваат со БРО и со МОН, но и со други донатори.

2. Осовременување на образовниот процес и условите во училиштата- Тековно се планираат реконструкции на училиштата (набавка и примена на нови образовни средства во кабинетите, реконструкција на тоалети, училници, училишни згради во централните и подрачните училишта и сл) и детските градинки.

3. Партерно опремување и опремување со мебел, опрема и дидактички материјали на новата детска градинка во нас Расадник со цел обезбедување современи услови за воспитно-образовната дејност и згрижување на дечиња во новата детска градинка.

4. Отворање на детската градинка во нас Расадник и прием на нови 130 дечиња и персонал. Во 2026 година се очекува да започне со работа новата детска градинка која Општина Делчево ја гради со поддршка на МТСП. Со отворањето на градинката ќе се анулира листата на чекање и ќе се обезбеди прием на сите дечиња во градинката со што директно ќе се влијае врз раниот детски развој и ќе се обезбеди навремена и струччна воспитно-образовна дејност

**4.4 Специфична цел бр. 4** –Воннаставни активности и негување на традицијата и културата кај учениците/чките

1. Вклучување на учениците/чките и децата од претшколска возраст во активности за одбележување значајни историски настани и промоција на културното наследство согласно со Програмата за култура за 2026 на Општина Делчево. Активно учество на учениците/чките и децата од претшколско образование, како и децата од Дневниот центар во настаните: Велигденска изложба, Пијанечки денови на сливата, Разловечко востание, Денови на хуманост и др.

3 Вклучување на учениците/чките преку ученичките заедници и дебатните школски клубови во одбележување на Денот на Европа преку организирање трибини, дебати, квиз-натпревари и сл.

4 Вклучување на учениците/чките во одбележување на 22 Март- Светскиот ден на водата – активно учество на учениците/чките во спортски активности организирани од Општина Делчево и Проектот за подобрување на водоснабдувањето на Делчево со цел јакнење на свеста за значењето на водата за животот и презентација на проектот.

## V Табеларен приказ на активностите и индикатори

2. Специфична цел 1 Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето

| Активности | Цел | Индикатори | Одговорни лица | Буџет и временска | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Еднократна парична помош за сите првачиња | Целта е да се даде поддршка на родителите кои ќе ги запишат своите деца во прво одделение во делчевските основни училишта и мотивирање на родителите да ги запишуваат своите првачиња во делчевските училишта. | -Број на поднесени пријави за ЕПП;<br>- Број на исплатена ЕПП (м/ж)<br>-бр.на запишани првачиња (м/ж) | Советник за образование, Одделение за општи и правни работи, основни училишта, | 120х 4.000 ден/<br><br>480.000 ден. | Септември/ноември 2026 |
| 2.награди за постигнати резултати за прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари | Со цел да се награди трудот и резултатите на учениците кои постигнале значајни резултати, прво, второ и трето место на државни и меѓународни натпревари, О.Делчево доделува парични награди на учениците/чките . | - бр. на наградени ученици/чки | Одд. за општи и правни работи, училишта | .90.000 | континуирано |
| 3.награда за првенци/ки на генерацијата | Награди за вложениот труд за постигнување одлични резултати во | -бр на доделени стипендии за првенци/ки (м/ж) | Советник за образование, Одд.за општи и правни, училишта | 2Х20.000<br>1Х30.000 | учебната 2025/26 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | образованието и поттик за понатамошни успеси | | | Вкупно 70.000 денари | исплата еднократна |
| 4. стипендии за одлични ученици/чки во СОУ: одлични ученички и ученици кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и стипендии за одлични ученички и ученици кои постигнале особен успех во образованието | Поддршка на одлични средношколци и поттикнување за постигнување понатамошни успеси | Бр на апликации по објавени конкурси (м/ж)<br>Бр на стипендисти во 2-те категории (м/ж) | Советник за образование, Комисија за ученички стипендии, СОУ | 10Х2.000 (9месеци)<br>8Х2.500 (за 9месеци)<br>Вкупно 360.000 денари | 9 месеци во учебната 2025/2026 |
| 5.2 стипендии за студенти кои студираат на државните факултети во државава: за студенти кои доаѓаат од семејства со ниски приходи и за студенти кои 2стипендии кои постигнале особено висок просек | Поддршка на талентирани студени | Бр на апликации по објавени конкурси (м/ж)<br>Бр на стипендисти во 2-те категории(м/ж) | Советник за образование, Комисија за студентски стипендии | 2Х2.500ден.<br>2Х4.000ден. ( за 9 месеци)<br>Вкупно:117.000 ден | 9 месеци во учебната 2025/2026 |
| 6. наградно патување на најдобрите 10 матуранти од делчевската гимназија | Награда за најдобрите 10 матуранти од СОУ-наградно патување низ Европа | Бр на најдобри матуранти (м/ж)<br>Распишан тендер за избор на туристичка агенција | Советник за образование, Комисија за избор на најдобрите матуранти од СОУ, Одд за општи и правни | 300.000ден | Мај/јули 2025/2026 |
| 7.Промоција на општинските стипендии-изработка на флаери, | Промоција на општинските стипендии со акцент како се добиваат стипендиите од општина Делчево со цел | Изработени флаери,<br>Бр на средби со ученици (м/ж) | Советник за односи со јавноста, советник за образование, ит-администратор СОУ | 1.000ден | ноември /декемв |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| средби со ученички заедници | да се запознаат учениците/чките и да се мотивираат дека нивниот труд ќе биде награден. | | | | ри2025/ 2026 |
| Организирање дебата за поттикнување на момчињата за да добиваат стипендии и награди | Бидејќи согласно анализите од претходните години, стипендии добиваат повеќе девојчиња кои покажуваат и повисоки резултати во образовниот процес, се иницира дебата за да се поттикнат момчињата, но и да се откријат причините зошто момчиеата постигнуваат послаби резултати во образованието | Бр на организирани дебати<br>Бр на присутни ученици(м/ж) | Советник за образование, советник за односи со јавноста, професори од СОУ, дебатен клуб на СОУ, Локален младински совет | 1.000 ден | декември 2026 |
| Стипендија за ученик/чка со попреченост во СОУ | Поддршка за ученик/чка со посебни потреби во СОУ за постигнати резултати во образовниот процес | Бр на доделени стипендии (м/ж) | О. Делчево, СОУ | 1Х 2.000 ден. (за 9 месеци) Вкупно 18000 ден. | 9 месеци во 2026 |
| Финансиска поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари по претходно поднесено барање од ученикот/чката. | Барањето се проследува во Советот кој во зависност од државата каде што се одржува натпреварот донесува одлука за доделување парични средства за | Бр на поднесени барања (м/ж)<br>Исплатени средства | О. Делчево Совет на О. Делчево | | континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | учество на меѓународен натпревар. | | | | |

| Специфична цел 2 Обезбедување еднакви образовни можности за сите деца. | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел | Индикатори | Одговорни лица | Буџет | Рок на реализација |
| Награди за најдобри ученици Роми | Поттикнување на ученици/чки Роми за постигнување подобри резултати во образованието и награда за досега постигнатите резултати за најдобрите ученици/чки Роми по повод Меѓународниот ден на Ромите, 7 Април | Бр на доделени награди м/ж) | О. Делчево, советник за образование, Училишта | 2x6.000 ден 1x11.000 ден Вкупно:23000ден | Април 2026 |
| Инклузија на ученици/чки со попреченост во образованиот процес | - со цел инклузија на учениците/чките со попреченост во наставниот процес | Бр на вклучени ученици/чки со посебни потреби во образовниот процес<br>Бр. на образовни асистени м/ж | О. Делчево, советник за образование, училишта | | Континуирано во 2026 |
| Поддршка за обезбедување туторска настава за ученици/чки Роми по предметите македонски, математика | Со цел да се помогне на учениците од ромнска националност за постигнување подобри резултати во наставниот процес, О.Делчево ќе даде поддршка за воведување | Бр на ученици/чки кои посетуваат туторска настава. (м/ж), бр.на ангажирани наставници, бр на одржани часови и постигнати резултати. | О.Делчево, училишта, НВО и МОН | донации | Континуирано во 2026 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и англиски јазик за 2,3,4 и 5 одд. | туторска настава по основните предмети: македонски ј.,математика и англиски ј. | | | | |
| Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, врснично насилство, родова еднаквост, екологија; | Целта е подигање на свеста кај учениците/чките за толеранција и соживот, врсничко насилство, стекнување на познавања за родовата еднаквост, заштитата на животната средина и сл. | Број на реализирани дебати<br>Број на ученици/чки учесници на дебатите | Советник за образование, образовни унституции, дебатни ученички клубови, НВО | 1.000 | Континуирано<br>Во 2025/2026 |
| Активно учество во активности за поголема безбедност во сообраќајот организирани од ОСБСП | Со цел едукација на учениците/чките од основното и средното образование за поголема безбедност во сообраќајот во соработка со Општина Делчево, образовните институции, детските градинки и ОСБСП во текот на учебната година ќе се спроведуваат активности кои опфаќаат теоретски дел и практичен дел | Број на реализирани активности;<br>Бр на учесници/чки вклучени во активностие | ОСБСП; образовни институции | | Од септември 2026 год. континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бесплатно згрижување на децата Роми во претшколско образование | Со цел поголем опфат на децата Роми во претшколско образование и обезбедување еднакви образовани можности и во раниот детски развој | Бр на деца Роми м/ж опфатени во претшколско образование | МТСП, Општина Делчево | 15 X 1.7880 ден<br>268,200 ден. | 12 месеци во 2026 год |
| Воведување предмет ромски јазик и култура во ООУ „Ванчо Прке“ | Со цел изучивање на ромскиот јазик и култура, О. Делчево ќе даде поддршка за воведување факултативна настава по предметот ромски јазик и култура | Бр на часови, бр на ученици (м/ж) | МОН, НВО сектор, О. Делчево | **Донации** | **континуиран о** |

| **Специфична цел 3** Подобрување на квалитетот на образовниот процес | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мерки** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни лица** | **Буџет** | Временски рок |
| 1.обуки за наставен кадар и кадарот во детските градинки | .со цел следење на новините во образованието и воспитно-образовниот процес во детските градинки, овозможување квалитетна настава, наставниот кадар од сите образовни институции согласно планот на училиштата посетуваат соодветни обуки. | Бр на обуки<br>Бр на обучени наставници/воспитувачи (м/ж) | Училишта, наставен кадар, МОН, БРО и други донатори | . | Во текот на учебната 2025/2о26 год. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| осовременување на образовниот процес и условите во училиштата- планирани реконструкции (набавка и примена на нови образовни средства во кабинетите, реконструкција на тоалети, училница и сл) | Со цел осовременување на условите за одвивање на наставата се врши реконструкција на објектите каде се одвива наставниот процес и редовна набавка на потребните средства за наставата и дидактички средства | Бр на реконструкции/ инвестиции | Училишта, МОН, донатори, Општина Делчево | | Континуирано 2026 год. |
| Партерно уредување и опремување на новата детска градинка | Обезбедување услови за прием на дечиња во новата детска градинка | | Општина Делчево | 6.600.000ден | Во текот на 2026 год. |

**5. Специфична цел бр 4 Воннаставни активности**

| **Активности** | **Цел** | **Индикатори** | **Одговорни** | **Буџет** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците/чките и дечињата од детската градинка во настани и активности за одбележување на значајни историски настани и промоција на културното наследство согласно со Програмата за култура за 2025 на | Со цел негување на традицијата, запознавање на младите со настани и обичаи кои се дел од колективната меморија на граѓаните/ките на Делчево, активно учество на учениците/чките и дечињата од претшколско | Бр на учесници/чки во активностите<br>Бр на одржани настани | Советник за образование, училишта, донатори, | **1.000 ден** | Континуирано во 2026. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Делчево и Програма за односи со јавност и промоција на Општина Делчево. Посебно учество на учениците/чките од прехранбената насока во СОУ, со цел промоција на нивните кулинарски вештини и презентација на успесите. | образование во настаните:<br>-Велигденска изложбана творби<br>-Пијанечки денови на сливата<br>-Ден на Ромите<br>-Разловечко востание<br>-Одбележување на ослободувањето на Делчево,<br>Денови на хуманоста,<br>Пијанечко-малешевска свадба. | | | | |
| Вклучување на учениците/чките во активности по повод Денот на Европа | Со цел промоција на европските вредности, ученици/чки со трибини, дебати, квизови и најразлични др. активности се вклучуваат во одбележување на Денот на Европа | Бр на учесници/чки<br>Бр на одржани настани | Советник за образование, Комисија за култура, ученички заедници | **1.000 ден** | Континуирано 2026 год. |
| Вклучување на учениците/чките во одбележување на Денот на водите, 22 Март | Со цел промоција на Проектот за подобрување на водоснабдувањето на Делчево и подигнување на сцеста за значењето на водата, се организираат спортски активности. | Број на учесници/чки<br>Бр на настани<br>Бр на доделени награди | Советник за образование, училишта, претставници од Проектот з аподобрување на водоснабдувањето | **3.000 ден** | Март 2026 год. |
| | | | | | |

## VI Очекувани резултати

Очекуваните резултати со резализацијата на Програмата се однесуваат на остварување на основните цели од Програмата и стимулирање на напредокот во образовниот процес. Исто така, ќе се мотивираат учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието, како и условите за работа.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Општина Делчево го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“ Врз основа на веројатноста и влијанието, ризиците можеме да ги поделиме на:

- Високи (High)
- Средни (Medium)
-Ниски (Low)

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во образованието се:**
**А) осипување на бројот на ученици и наставен кадар**

-намалување на бројот на паралелките;
-затворање на подрачни училишта поради осипување на учениците;
-намалување на вработени во училиштата,
-непостоење соодветен стручен наставен кадар.

**Б) надворешни влијанија врз училиштата:**

- негативни влијанија врз објектите (пожари/поплави, земјотреси)
-недостапност до училници/канцеларии
-неорганизиран превоз за ученици
-неорганизирано затполување на училиштата

-губење на интернетот
-дефекти врз хардверот и софтверот
-уништување податоци и евиденциски листови

В) Финансиски буџетски намалувања на средствата:
-Нередовна или неисплаќање на блок-дотациите за образованието и детската градинка
-Кусок на готовина за извршување работи

Г) Здравствена и друг вид криза што ќе влијаат на реализација на наставните планови и програми.

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025/2026 г.

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за образование во Општина Делчево за 2026 година

| Реден бр. | Активност | Планирани средства во Буџетот | Буџетска програма |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош за првачиња | 480.000денари+персонален данок | D0 |
| 2. | Награда за првенци/ки на генерацијата | 70.000ден.+персонален данок | D0 |
| 3. | Стипендии за одлични ученици/чки во СОУ во две категории | 360.000ден. +персонален данок | D0 |
| 4. | Стипендии за студенти кои се школуваат на државните универзитети во 2 категории | 117..000ден+ персонален данок | D0 |
| 5. | Наградно патување за 10 најдобри матуранти | 300.000ден. | A0 |
| 6. | Промоција на општински стипендии | 1.000ден. | D0 |
| 7. | Награди за постигнати резултати на државни и меѓународни натпревари | 90.000ден. +персонален данок | D0 |
| 8. | Стипендија за ученици/чки со попреченост | 18.000ден. +персонален данок | D0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Награди за најдобри ученици Роми | 23.000ден. +персонален данок | D0 |
| 10. | Бесплатно згрижување деца Роми во претшколско образование | 268.200ден. (МТСП и ЕЛС) | D0 |
| 11. | Вонnаставни активности | 5.000ден. | G1 |
| 12. | Партерно уредување на новата детска градинка во нас. Расадник и набавка на опрема | 6.600.000ден. | VA |
| 13. | Финансиска поддршка за учество на меѓународни натпревари | 90.000ден. +персонален данок | A0 |
| 14. | Вкупно | 8.422.200 ден. | |

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за образование за 2026 г. на Општина Делчево ќе се врши секој месец во текот на годината од страна на секретарот на Општина Делчево и советникот за образование.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплемента ција и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Изве штај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата

| Индикатор | Извор на податоци | Метод на собирање податоци | Алатка | Фреквенција на собирање податоци | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на доделени општински стипендии;<br>Број на запишани првачиња;<br>Број на запишани средношколци;<br>Број на обуки за наставен кадар; | -Доделени решенија за стипении,<br>Доделени решенија за ЕПП на првачиња и средношколци<br>- активности спроведени за поголема безбедност во | Квалитативна,<br>квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Советник за образование, образовни институции во Делчево. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирани дебати за соживот, врсничко насилство; Бр на учесници/чки на активности од ОСБСП | сообраќајот од ОСБСП; Учество на обуки на наставниот кадар, -организирани дебати со актуелни теми за младите | | | | |

XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за образование за 2026 година на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 - 3058/1
30.12.2025 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Николчо Стојменовски

13.Врз основа на Законот за локалната самоуправа член 36 (Сл. Весник на РМ 5/2002), член 99 од Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 15/15; 44/15; 98/15; 193/15; 226/15; 30/16; 31/16; 142/16 ,190/16, 275/2019 , 90/2020 и 101/2021), Статутот на општина Делчево (Сл. Гласник бр. 15/13,2/19 и 1/21) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп (Сл. Весник на РМ бр. 99/22), Советот на Општина Делчево, на 3.седница, одржана на 30.12.2025, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА

### ПРОСТОРЕН ОПФАТ И ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа програма е располагањето, управувањето и менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на општина Делчево дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија за време на календарската 2026 година, а врз основа на донесените Урбанистички планови од страна на Советот на општина Делчево, врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Од друга страна пак вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба. Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Делчево ги третира териториите односно опфатите на општите акти каде земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамките и на начин определен со Законот за градежно земјиште. Општина Делчево има Комисија за располагање со градежно земјиште и остварува промет со градежно земјиште и приходи по тој основ.

Во Годишната Програма се предвидува предмет на располагањето, управувањето и менаџирањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територијата на општина Делчево градот Делчево согласно:

| | |
|---|---|
| 1 | Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г |
| 2 | Детален урбанистички план – урбан блок ,, ПРОЛЕТ,, 2 одлука бр,07-775 од 04,07,2005 г |

### Просторен опфат

Со оваа програма се дефинира менаџирањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Делчево дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2024 година. Во текот на годишната програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на градот делчево односно опфат согласно Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г и Детален урбанистички план – урбан блок ,, ПРОЛЕТ,, 2 одлука бр,07-775 од 04,07,2005 г

ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА

Законски основ за изработка на Програмата

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:

Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), член 99 од Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 15/15; 44/15; 98/15; 193/15; 226/15; 30/16; 31/16; 142/16 ,190/16, 275/2019 , 90/2020 и 101/2021), Статутот на општина Делчево (Сл. Гласник бр. 15/13,2/19 и 1/21) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп (Сл. Весник на РМ бр. 99/22).

Цели на програмата

Обезбедување на услови за социо – економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а потоа и да придонесат за развојот на општина Делчево на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположливите ресурси.

Динамика на реализација на програмата

Програмата за 2026 година се планира да се реализира континуирано во календарската 2026 година.

<u>Градежни парцели ( ГП)</u>

БР.1- Парцела гп 4,27 - опфат Б4 - (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )



| Опфат Б 4 | Нунерација на градежна | Група на класа | Основна класа | Компатибилна класа на намена | Висина на Венец хориз. м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Кофeицент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **4,27** | **Б** | **Б4** | **(А4,Б1,Б2,Б3,В4,Д3 – 40%** | **13,20м** | **П+3** | **1404 м2** | **538 м2** | **2153 м2** | **38,34** | **1,53** | **36** |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
  - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - В4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%

  * Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 40 %

  *Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

  * Вкупна почетна/утврдена цена: 2246400 денари

- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали.

**БР.2- Парцела гп 4,28- опфат Б4 -** (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )




| Опфат Б 4 | Нунерација на градежна | Група на класа на | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,28 | Б | Б4 | (А4,Б1,Б2,Б3,В4,Д3 – 40% | 13,20м | П+3 | 1076 м2 | 310 м2 | 1241 м2 | 28,84 | 1,15 | 21 |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
  - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - В4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%

- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 40 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена: 1721600 денари

**БР.3- Парцела гп 4,25 - опфат Б4 -** (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )



| Опфат Б4 | Нунерација на градежна | Група на класа | Основна класа | Компатибилна на класа намена | Висина на Венец хориз. м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,25 | Б | Б4 | (А4,Б1,Б2,Б3,В4,Д3 – 40% | 13,20м | П+3 | 1396 м2 | 578 м2 | 2313 м2 | 41,42% | 1,66 | 39 |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
  - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - В4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 40 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена: 2233600 денари

**БР.4- Парцела гп 4,17 - опфат Б4 -** (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )




| Опфат Б4 | Нунерација на градежна | Група на класа | Основна класа | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,17 | Б | Б4 | (А2,А3-20%) (А4,Б3,,В3,-40%) | 11,50м | П+2 | 4115 м2 | 184 м2 | 1769 м2 | 44,86% | 0,67 | АУП |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
  - А2-Домување во згради со макс. процент на учество во однос на основната намена -20%
  - В3-Култура со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - А3 –Заедничко групно домување со макс. процент на учество во однос на основната намена -20%
  - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
  - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%

- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови  и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 15 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

*  Вкупна почетна/утврдена цена: 6584000 денари

**БР.5- Парцела гп 4,19 - опфат  Б4 -**  (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )



| Опфат Б4 | Нунерација на градежна | Група на класа на | Основна класа | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,19 | Б | Б4 | (А4,Б1,Б2,Б3,В4,Д3 – 40% | 11,50м | П+2 | 955 м2 | 344 м2 | 1031 м2 | 35,91% | 1,08 | 17 |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
    - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - В4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 40 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена:152800 денари

**БР.6- Парцела гп 4,20 - опфат Б4 -** (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )

| Опфат Б4 | Нунерација на градежна | Група на класа на | Основна класа | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4,20 | Б | Б4 | (А4,Б1,Б2,Б3,В4,Д3) – 40% | 11,50м | П+2 | 1614 м2 | 672 м2 | 2017 м2 | 41,68% | 1,25 | 34 |




- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
    - А4 – Времено сместување со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - В4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%
    - Д3-Спорт и рекреација на зелени површини со макс. процент на учество во однос на основната намена -40%

- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 40 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена: 2582400 денари

**БР.7- Парцела гп 1,27 - опфат Б4 - (**Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )

| **Опфат Б1** | Нунерација на градежна | Група на класа на | Основна класа | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1,27 | Б | Б1 | (А1,А3,Б4) – 20% | 7,5м | П+1 | 146 м2 | 47 м2 | 93 м2 | 32,01% | 0,64 | 2 |

- Б–Деловна и комерцијална намена
- Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
  - А1 – Домување во куки со макс. процент на учество во однос на основната намена - 20%
  - А3 – Заедничко ( групно ) домување со макс. процент на учество во однос на основната намена -20%
  - Б4 –Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради со макс. процент на учество во однос на основната намена -20%
- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 20 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1600 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена:233600 денари

**БР .8- Парцела гп 3,13 - опфат Б3 -** (Детален урбанистички план за централно градско подрачје урбана единица 2 , дел од блок 2,2 одлука бр,07-1823/1 од 06,09,2011 г )

| Опфат Б3 | Нунерација на градежна | Група на класа на | Основна класа на | Компатибилна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Катност | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена пов м2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **3,13** | **Е** | **Е2** | **(Б1,Б2,Б3,Б4 – 15%** | **11,50 м** | **П+2** | **4002 м2** | **1628 м2** | **2442 м2** | **40,67 %** | **0,61** | **АУП** |

- Е2 –Комунална супраструктура ( катна гаража)
  - Б1 – Мали единици за комерцијална дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -15 %
  - Б2 –Големи единици за трговија со макс. процент на учество во однос на основната намена -15 %
  - Б3-Големи единици за угостителска дејност со макс. процент на учество во однос на основната намена -15 %
  - б4-Државни администрации и институции со макс. процент на учество во однос на основната намена -15 %
- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

* Максимално дозволен процент на учество на учество на компатибилните класи на намени во однос на основната намена е 15 %

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена: 148962 денари

**БР. 9- Парцела гп 2,06 - опфат –модул М 2** (Детален урбанистички план – урбан блок ,, ПРОЛЕТ,, 2 одлука бр,07-775 од 04,07,2005 г )




| Модул М2 | Нунерација на градежна | Група на класа | Основна класа на намена | Висина на хориз. Венец м1 | Површина на ГП м2 | Површина за градба м2 | Макс. корисна површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Мин. Број паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2,06 | А | А1 (ск) | 10,20 м | 248,07 м2 | 127,58 м2 | 382,74 м2 | 51,43 % | 1,54 | **правилник** |

- А –Домување и престој
  - А1 (СК) – Домување во куки
- Процент на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето за градење(површина под градба) и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти
- Коефициент на искористенот е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната планираната површина по катови , односно збирот на површините на сите планирани надзени катови и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали

*Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61 денари

* Вкупна почетна/утврдена цена:198456 денари

Пропишување на условите за надавање

Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество од 10% за секоја парцела пооделно, интернет страница на која ќе се врши надавањето.

Услови за учество:

- поднесување на пријава во електронска (и во писмена форма)
- доказ за платен депозит ( во оригинал)
- Доказ за регистрација на правнот о лице од соодветен регистер
- За физички лица уверение за државјанство ( во оригинал)
- Полномошно за лицето кое го застапува правното или физичкото лице ( во оригинал)

**Лица надлежни за реализација на Програмата**

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија составена од

- Емил Тасев
- Андријана Соколовска
- Николче Трајановски
- Горан Петровски
- Тони Стојменовски

**Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата**

Проценката на минималниот прилив на средства е даден пооделно за секоја парцела а вкупно 17 328 056 денари

**Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

Потребни средства кои се предвидени за реализација на Програмата се само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање и ќе изнесува 100 000 денари.

**Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста, по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општината.

**Број 09-3059/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025** — **Претседател,**
**Делчево** — **Д-р Николчо Стојменовски,с.р.**

**14.**Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 275/19), Советот на општина Делчево на својата трета седница, одржана на ден 30.12.2025 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево**

**Член 1**

Се отпишуваат од книговодствената евиденција следните движни ствари:
- Греалка Kumtel, 1 број, пописен број 11-190, од архивата на општината, неупотреблива;
- Црвени канцелариски столови од штоф, 2 броја, пописен број 11-194 и 11-195, од архивата на општината, скршени, неупотребливи;
- Канцелариски кожен (скај) стол во црна боја, 1 број, пописен број 11-168, од канцеларија број 4 во општинската зграда, скршен и неупотреблив;
- Принтер Aficio MP2000, 1 број, пописен број 11-218, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;

- Принтер Canon IR2018, 1 број, пописен број 11-219, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;
- Принтер Canon IR2016, 1 број, пописен број 11-670, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив;
- Принтер Sharp AR-5618, 1 број, пописен број 11-237, од ходникот на спратот во општинската зграда, неупотреблив и
- Принтер Samsung, 1 број, пописен број 11-435, од старата општинската зграда- канцеларија на Инспекторат, стар, дотраен, неупотреблив.

Горенаведените движни ствари се наведени во Извештајот за годишниот попис на основните средства и ситниот инвентар и попис на градежни објекти во сопственост на Општина Делчево за 2025 година, заведен под архивски број 08-2905/1 од 16.12.2025 година.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука со пописни броеви: број 11-194, број 11-195 и број 11-168 да се предадат на овластено правно лице за собирање на отпад на територијата на општината како неупотребливи.
Општина Делчево определува ЈКП „Брегалница" Делчево да изврши одлагање на движните ствари наведени во членот 2 од оваа Одлука на соодветна локација.

Член 3

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука со пописни броеви: број 11-190, број 11-218, број 11-219, број 11-67, број 11-237 и број 11-435 да се предадат на овластено правно лице за собирање на електричен и електронски отпад како неупотребливи.
Општина Делчево го определува Друштвото за управување со отпад „НУЛА ОТПАД" ДОО Скопје да изврши одлагање на движните ствари наведени во членот 3 од оваа Одлука.

Член 4

Примопредавањето на движните ствари наведени во членовите 2 и 3 на оваа Одлука се врши врз основа на Записници кои ги потпишуваат членовите на Комисијата за вршење годишен попис за 2025 година и одговорните лица на ЈКП „Брегалница" Делчево и Друштвото за управување со отпад „НУЛА ОТПАД" ДОО Скопје.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Делчево".

Број 09-3060/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 — Претседател,
Делчево — Д-р Николчо Стојменовски,с.р.

15.Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 3. седница, одржана на ден          2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Програмата за работа на**
**ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2026 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2026 година, усвоена од страна на Управниот одбор со Одлука бр.02-49/5 од 03.12.2025 година;
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 3061 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025 г.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Д-р Николчо Стојменовски,с.р.**

16. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 3. седница, одржана на ден 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Програмата за работа на**
**ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година, усвоена од страна на Управниот одбор со Одлука бр.02-49/5 од 03.12.2025 година;

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 3062 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12. 2025 г.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Д-р Николчо Стојменовски,с.р.**

17. Врз основа на член 12 од законот за јавна чистота (Службен весник на Р.М.,, бр.111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево (Службен глесник на Општина Делчево,, бр.8 од 17.11.2008) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.5/02), Советот на Општина Делчево на 3.седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА**

ВОВЕД

Под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево.

ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,
-Миење на улиците и јавните површини,
-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,
-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

ДИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавнитре површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мраз по тротоарите и пешачките патеки.
Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- Од 06.00-14.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- Од 07.00-15.00 часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,,- ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 6 | Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион) |
| 7 | Градски Пазар |
| 8 | Паркинг пред Спомен дом АСНОМ |
| 9 | Паркинг пред Здравен дом |
| 10 | Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом |
| 11 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 12 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 13 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 14 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 15 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 16 | Парк кај нова црква ,,Св.Кирил и Методи,, |
| 17. | Мини парк (кај стариот градски пазар |
| 18. | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи |
| 19. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.700м2 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.06 до 30.09) во временскиот интервал од 04 – 07 часот еднаш во неделата

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |

| | |
|---|---|
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,,- ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 10.700м2 |

УЛИЦИ И ПОВРШИНИ ОД КОИ СЕ СОБИРААТ ОТПАДОЦИ

Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси (песок, камен, кал, лисја и сл. По поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,,- ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 5 | Градски Пазар |
| 6 | Градски парк пред Спомен дом АСНОМ |
| 7 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 8 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 9 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 10 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 11 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 12 | Кеј на река Брегалница |
| 13 | Голак сцена и спортски игралишта |
| 14 | Парк кај нова црква ,,Св. Кирил и Методи,, |
| 15. | Мини парк ( стар градски пазар) |
| 16. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.470м2 |

ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД ,,Брегалница,, Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.

Во зимски услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од следните јавни површини:

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Тротоари на ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Тротоари на ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Тротоари на булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Тротоари на ул.,,Индустриска,, |
| 5 | Тротоари на ул.,,Светозар Марковиќ,, |
| 6 | Тротоари на ул.,,Кеј на ослободување-десниот тротоар гледано во правец на |

| | |
|---|---|
| | градскиот базент) |
| 7 | Паркинг пред спомен дом АСНОМ |
| 8 | Паркинг пред Здравен дом,,Гоце Делчев,, |
| 9 | Градски пазар 200м2 |
| 10 | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи |
| 11. | Тротоар на улица ,,3,, |
| | Вкупно површина од 13.900м2 |

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Преглед на потребни финансиски средства за спроведување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2026 година

| Ред.бр. | Позиција | Ед.мера | Количина | Ед.цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на улици и јавни површини-секојдневно(282 дена во годината) | М2 | (20.700x260) 5.382.000 | 0.15 | 807.300.00 |
| 2 | Миење на улици -4мес.х4пати-16 пати во годината | М2 | (10.700x16) 171.200 | 0.50 | |
| 3 | Собирање на отпадоци од јавни површини-секојдневно 282д. | М2 | (20.270x260) 5.270.200 | 0.15 | 790.530.00 |
| 4 | Чистење на снег и мраз во зимски услови-зимски период | М2 | 13.900 | 8.50 | 118.150.00 |
| 5 | Набавка и поставување на улични корпи за отпадоци | Бр. | 10 | 2.000.00 | 20.000.00 |
| | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | 1 735 980.00 |

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2025 ГОД.

| Ред.бр. | приходи | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Надомест за јавна чистота од домаќинствата | 1.819.840.00 |
| 2 | Надомест за јавна чистота од правни лица | 452.540.00 |
| | | |
| | ВКУПНО | 2.272.280.00 |

Пресметките се дадени во случај наплатата да биде 100%.

Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот

на Општина Делчево. Пренесувањето на средствата на давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.

Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши инспектор за животна средина на Општина Делчево.

Број 09- 3063/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **70.800** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 70.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WA0 | PROTIVPO@ARNA ZA[TITA (KAPITALNI TRO[OCI) | 70.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **70.800** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 70.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# POSEBEN DEL
## Nivo na: STAVKA

| Kategorija / Stavka | O P I S | Predhoden buxet | BUXET: Buxet | BUXET: Rashodi od samofinan. aktivnosti | BUXET: Rashodi od dotacii | BUXET: Rashodi od donacii | BUXET: Rashodi od krediti | BUXET: **Vkupni rashodi** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **474.434.976** | **192.788.125** | **13.588.000** | **258.001.311** | **17.226.885** | **0** | **481.604.321** |
| X1 | RODOVA EDNAKVOST | 70.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| | **PRIHODI:** | | | | | | | |
| X10 | RODOVA EDNAKVOST | 70.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| | **RASHODI:** | | | | | | | |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **70.000** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **70.000** |
| 425 | Dogovorni uslugi | 45.000 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 25.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000 |
| X10 | RODOVA EDNAKVOST | 70.000 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **70.000** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **70.000** |
| 425 | Dogovorni uslugi | 45.000 | 45.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.000 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 25.000 | 25.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.000 |

**Член 4**

Буџетот на Општина Делчево за 2026 година влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на општината“ а ќе се применува до 31 декември 2026 година.

Претседател на Советот на Општина Делчево

Бр.09-3065/1
30.12.2025 год.

Николчо Стојменовски

**20.** Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" 244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22, 170/24, 37/25), член 31 од Законот за буџетите ("Сл.весник на РМ" бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21,272/24 I 3/25), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22, 208/24, 210/24), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби во Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Сл.весник на РСМ'' бр.51/20 и 172/21), одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, синдикална организација на синдикат на УПОЗ во општина Делчево и Општина Делчево со бр.08-2666/1 од 21.12.2022 година, Општиот колективен договор ( "Сл.весник на РСМ" бр.154 од 20.07.2023 год.) и член 130 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и/2021), Советот на Општина Делчево на продолжението на третата редовна седница одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## За извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година

### Член 1

Буџетот на Општина Делчево за 2026 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности;
- Буџет на дотации;
- Буџет на донации; и
- Буџет на кредити (заеми).

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

### Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

### Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на

основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15-ти ноември** во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на заеми, буџетот на дотации, или буџетот на донации планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,23, а основицата на која се пресметува е утврдена согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91,23/97, 37/05, 84/05,110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и “Службен весник на РСМ” бр.65/23).

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Законот за исплата на платите во Р.С. Македонија , Општиот колективен договор за јавниот сектор на Р.С. Македонија,Гранскиот колективен договор и Колективниот договор на Општина Делчево.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

- локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни до крајот на месецот до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци ( копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати) за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации, истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината, одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација. Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

На членовите на Советот на Општина Делчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Делчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година. На Претседателот на Советот на Општина Делчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатено во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма Е0-Општинска администрација, Програма Д0-Градоначалник и Програма Ѓ0- Противпожарна заштита, расходно конто 404110- Надомест за годишен одмор врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

Член 14

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на вработениот во Општината, му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата.

Исплатите на погоре наведениот надоместок се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

Член 15

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 16

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите. За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

Член 17

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината ќе се врши од Програма Е0-Општинска администрација , расходно конто 464940- Трансфери при пензионирање во висина од три просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Надоместокот на отпремнина за пензионирање на вработените во локалните јавни установи, ќе се исплатува од соодветната потпрограма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464940- трансфери при пензионирање. Исплатата на надоместокот за отпремнина за пензионирање ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

Член 18

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување, и родител на сопружник ако живеат во заедничко домаќинство со вработениот), му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документациј во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во Програма Е0-Општинска администрација, расходно конто 464990- други трансфери.

Средствата за овие намени за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно.

Член 19

Во согласност со Колективен договор на општината, за непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години кај работодавачот.

Висината на јубилејната награда изнесува:

-за 10 години-100%

-за 20 години – 110%

-за 30 години – 120%

-за 40 години – 130%

Од основицата од просечната месечна нето плата во Република северна Македонија исплатена во претходната година. Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото. Исплатата на име јубилејни награди ќе се врши од програма Е0-Општинска администрација и Ѕ0-Противпожарна заштита, расходно конто 464990- други трансфри, врз основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно колективен договор.

Член 20

Средствата утврдени во Програмата Д0-Градоначалник, потставки 463110- трансфери до здруженија на граѓани и фондации, и 463120-Трансфери до спортски клубови, ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации и на спортските клубови, врз основа на распишан Јавен повик за доделување финансиски средства, а врз основа на поднесени барања и проекти кои овозможуваат развој на локалната заедница.

За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000 денари, одлучува Градоначалникот.

Член 21

За првото дете кое ќе се роди на територијата на Општина Делчево ќе се врши исплата на 10.000 денари, од потставка 471230- Помош за новороденчиња, Програма В3-Социјална заштита. Истотака, за секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Делчево, ќе се врши исплата по 4.000 денари од потставка 471230-помош за новороденчиња, Програма В3-Социјална заштита.

За учениците од прво одделение од основните училишта, ќе се врши исплата на 4.000 денари еднократна парична помош од потставка 471250-плаќање за образование, згрижување, одмор и рекреација, програма В3-социјална заштита.

За најдобрите 10 матуранти од средното училиште СОУ Методи Митевски-Брицо Делчево е предвидено наградно патување со Одлука на Совет, предвидено во програма А0-Совет, расходно конто 420220-патување во странство-патни расходи.

За ученички и студентски стипендии за учебната 2025/26, за првенциите на генерацијата 2025/26 (од основните и средното училиште) се предвидени средства во програма Д0-Градоначалник, расходни конта 464110-стипендии за студенти и 464120-стипендии за поддршка на млади таленти.

Парични награди за најдобрите ромски ученици (основно и средно училиште); парични награди за најдобар пожарникар; Парична награда за празникот Водици; Награди за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари; Новогодишен подарок на дежурните служби кои работат за време на новогодишната ноќ; Награда по повод манифестацијата "Пијанечки денови на сливата" и Свадбен подарок на Пијанечко-Малешевската свадба се предвидени во Програма Д0-Градоначалник, расходно конто 464990-други трансфери.

Член 22

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 23

Вработувањата во општинската администрација се врши согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности, согласност за нови вработувања во локалните јавни установи

од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 24

Се овластуваат одделенијата за управување со човечки ресурси и за финансиски прашања да ги применат одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Буџетот на Општина Делчево се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

Член 27

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важат Одлуките за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година со бр.09-2065/1 од 30.12.2024 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 бр.09-663/1 од 14.03.2025 и Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година бр.09-1868/1 од 07.08.2025 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”, а ќе се применува од 01 Јануари 2026 година.

Бр. 09- 3066/1 Совет на Општина Делчево
30.12.2025
Делчево Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**21.** Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15,154/15,5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021 и 99/2022,208/2024 и 210/2024), член 62 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ” бр.5/2002, 84/20 и 202/24) и член 24 став 3 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021) , Советот на Општина Делчево, на третата редовна седница одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2026 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“, а ќе се применува со исплатата на плата за месец јануари 2026 година.

Бр. 09- 3067/1 Совет на Општина Делчево
30.12.2025
Делчево Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**22.** Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС, (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на третата седница на Советот на Општина Делчево одржана на ден 30.12.2025 година донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА

Со буџетскиот календар за 2026 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година како што следува:

| Датум | Буџетски активности | Одговорност | Закон |
|---|---|---|---|
| Месец септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година и висината на дотациите од буџетот на РСМ. | Министер за финансии | Закон за буџети<br><br>Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Октомври** | Градоначалникот и раководителите на одделенијата вршат анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните фактори во општината со цел утврдување на потребите (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности и ги одредуваат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-годишните програми за реализација во наредната година.<br><br>-Се доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиските планови. | Градоначалник<br><br>Раководители на одделенија/ сектори<br><br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| **20 Октомври** | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | Раководители на одделенија<br><br>Градоначалник | Закон за буџети |
| **Ноември** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги достасуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет.<br><br>-Организирање на буџетски форуми со граѓаните, невладините организации,спортски здруженија,месни и урбани заедници и други засегнати страни. | Општински буџетски корисници<br><br>Општинска Администрација<br><br>Одделение за финансиски прашања | |
| **Најдоцна до 15-ти ноември** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програми за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Градоначалник<br><br>Совет на општина | Закон за буџети |
| **Крај на ноември** | -Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината и го споделува со јавноста; | Одделение за финансиски прашања<br><br>Градоначалник | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани и доколку има издржана сугестија истата се имплементира пред доставување на Предлог-буџетот до Советот. | Совет на општина<br><br>Јавни расправи | |
| **Декември** | -Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-Буџет до Советот.<br><br>-Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-буџет. | Градоначалник<br><br>Комисија за финансирање и буџет | |
| **Крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година;<br>- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;<br>- Буџетски календар на Општина Делчево за 2025 година;<br>- Одлука за времено финансирање согласно чл.28 став 2 од Законот за финансирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот. | Совет на општина | Закон за финансирање на ЕЛС |

**Член 2**

Со влегување во сила на овој Буџетски календар престанува да важи Буџетскиот календар за 2025 година со бр.09-2064/1 од 30.12.2024 година.

**Член 3**

Буџетскиот календар на Општина Делчево за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09- 3068/1** — **Совет на Општина Делчево**
**30.12.2025**
**Делчево** — **Претседател,**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

23. Врз основа на член 21-б од Законот за буџети ("Службен весник на РМ" бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16; и "Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/2025) и член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04; 96/04; 22/07; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15;209/18; и Службен весник на РСМ бр.244/19;53/20;77/21;150/21,173/22,170/24 и 37/25), Советот на Општина Делчево на 3. седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А

**за  дополнување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука се  врши дополнување на   Планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2026 година со 2 нови  развојни потпрограми.

Член 2

Планот од член 1 на оваа одлука се состои од  следниве програми и развојни потпрограми:

1. **Програма ЈД, Потпрограма ЈДБ – Реконструкција на улица „Гоце Делчев“;**
2. **Програма РА, Потпрограма РАА – Регулација на дел од река Габровчица.**

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е планот на програмите за развој на Општина Делчево за 2026 година. Планот на програмите за развој е составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09-3069 /1 | Претседател
30.12.2025 год. | на Совет на Општина Делчево
Делчево | Николчо Стојменовски

**24.** Врз основа на член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02) и член 22 Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 3. седница одржана на 30.12.2025 година,  донесе

## О Д Л У К А
**за одобрување на финансиски средства по барање 21-2970/1 од 22.12.2025**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Делчево одобрува финансиски средства во износ од **30.000 денари.**

Средствата ќе бидат наменети за градската црква, Соборниот храм во изградба “Св.Кирил и Методиј“, манастирскиот комплекс и за потребите на Делчевско-Каменичка епархија.

Член 2

Средствата ќе се исплатат на име на **Македонска православна црква од Делчево, Делчевско-Каменичка епархија**  на жиро сметка 200004156904922 при Стопанска банка  АД Скопје .

Член 3

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Делчево .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Бр. 09- 3070/1** **Совет на Општина Делчево**
**30.12.2025**
**Делчево** **Претседател,**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

**25.**Врз основа на член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02) и член 22 Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 3. седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош**
**во врска со барање 21-2971/1 од 21.12.2025**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Делчево одобрува финансиски помош во износ од **20.000 денари.**

Средствата ќе бидат наменети за обновување и реконструкција на семејна куќа на две инвалидни лица од село Стамер и создавање на нормални услови за живот.

Член 2

Средствата ќе се исплатат на име **Дафинка Стоименовска** од с. Звегор, на трансакциска сметка 300057013049254 при Комерцијална банка АД Скопје .

Член 3

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Делчево .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Бр. 09 – 3071/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Д-р Николчо Стојменовски** ,с.р.

26. Врз основа на член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02) и член 22 Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 3. седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош**
**во врска со барање 21-2972/1 од 23.12.2025**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Делчево одобрува финансиска помош во износ од **50.000 денари.**

Средствата ќе бидат наменети за болничко лекување, болнички трошоци, терапии и понатамошни медицински третмани на Марјанчо Димитровски-Мац.

Член 2

Средствата ќе се исплатат на име **Славичка Димитровска** од Делчево, на трансакциска сметка 300007087358871 при Комерцијална банка АД Скопје .

Член 3

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Делчево .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево".

Бр. 09- 3072/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.12.2025 година — Претседател,
Делчево — Д-р Николчо Стојменовски,с.р.

27.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 114 и член 117 став 13 од Законот за заштита на децата Консолидиран текст 2022) и член 22 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата Трета седница, одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" Делчево

**Член 1**

За членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" Делчево, како претставници на основачот – Општина Делчево СЕ ИМЕНУВААТ:

1. Наташа Димитровска
2. Винко Ангеловски
3. Ивана Ивановска

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 3073/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.12.2025 година — Претседател,

Делчево — Д-р Николчо Стојменовски

**28.**Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 3. редовна седница, одржана на ден 30.12.2025 година , донесе

**ОДЛУКА**
**За согласност на Измена на Годишен план за вработување**
**на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2026 година**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево за 2026 година бр.04-986/1 од 23.12.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево".

**Број 09-3073/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.12.2025** — **Претседател,**
**Делчево** — **Др Николчо Стојменовски,с.р.**

**29.**

Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 145 од Деловникот, а имајќи ги предвид надлежноста на локалната самоуправа во заштита на безбедноста, јавниот ред, квалитетот на животот, како и чуствителностаа на прашањата поврзани со миграцијата и нивното влијание врз граѓаните, општините и локалната заедница, Советот на Општина Делчево, на Третата седница одржана на ден 30.12.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**против дезинформациите за мигрантски кампови**
**и политички манипулации**

1. Се осудува лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2.Се констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалната заедница.

3. Се потврдува дека на територијата на општина Делчево нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. Се утврдува дека со овие заклучоци се става крај на сите штекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. Се изразува поддрша на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. Се истакнува дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7.Се повикуваат сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.

8.Овие Заклучоци претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Делчево стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Општина Делчево, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

**Број 09- 3076 /1**
**30.12.2025 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски,с.р.**

## МЕСНИ И УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-2698/12
15/12/2025 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на

Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево број 08-2698/1 од 26.11.2025 година и Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на урбаната заедница Стар расадник број 08-2698/11 од 15.12.2025 година,Градоначалникот на Општина Делчево објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За свикување на собир на граѓани за избор на членови на**
**Совет на урбана заедница на Стар расадник,Делчево**

1.Градоначалникот на општина Делчево ги поканува жителите на урбаната заедница Трети реон да земат учество на собирот на граѓани за избор на членови на Советот на урбана заедница Стар расадник ,Делчево.

2.Изборот на членови на Советот на урбаната заедница на трети реон ,Делчево ќе се спроведе на ден 18.12.2025 година (четврток),со почеток во 18.0
0 часот,во просториите на Мултифункционалниот Центар во Спомен домот АСНОМ,Делчево.

3.Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советите на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски,С.Р.**

29. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-2698/9
15/12/2025 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево број 08-2698/1 од 26.11.2025 година ,Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**ОДЛУКА**
**За распишување на избор на членови на**
**Совет на Урбана заедница Трети реон,Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови Советот на Урбана заедница Трети реон,општина Делчево.

Член 2

Изборот на членови на Советот на урбаната заедница во Трети реон,ќе се спроведе на ден 18.12.2025 година(четврток),со почеток во 16.30 часот.

Член 3

Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот,часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страна на Оптшина Делчево,како и со истакнување на соопштениеto на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски,С.Р.**